СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шестото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**ДИСКУТАНТИ ОД**
**VI ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 56-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 25.IV.1993 год**

1. Андов Стојан – 1, 7, 65, 68
2. Алиу Хамид – 4, 7
3. Ајдарега Газменд - 11
4. Анастасовски Митко – 21, 23, 24, 90
5. Алиу Ештреф - 28
6. Арсовски Бранко – 79, 90, 95
7. Бошков Јордан - 5
8. Гошев Туше – 74, 77, 78, 83, 87, 92, 94
9. Георгиев Петар – 19, 95
10. Гошев Петар – 108, 110
11. Голубовски Владимир - 29
12. Димов Тодор - 118
13. Иванов Љубосав - 25
14. Иванов Симеон – 43, 46
15. Зафировски Горан - 34
16. Змејовски Борис – 48, 50
17. Зафировски Јордан - 111
18. Златанов Ванчо – 101. 103
19. Котевски Ѓорѓи - 115
20. Младенов Ванчо – 17, 112
21. Мицевски Трајан – 30, 105
22. Манев Ефтим – 32, 88
23. Минов Панче - 121
24. Паунов Тотосие – 51, 57
25. Петров Тодор – 48, 53, 59, 74
26. Поповски Никола – 13, 16, 65
27. Петковски Тито – 91, 117
28. Садику Ферид - 27
29. Спировски Ацо – 11, 35
30. Стојановски Томислав – 75, 81, 84, 92, 94
31. Стојановска Славјанка – 10, 37, 50
32. Стефковски Томислав – 1, 4
33. Стојков Стоиле – 38, 61, 68
34. Спировски Игор – 38 (прозива)
35. Таири Џелил – 6, 32
36. Хајредини Џевдет – 3, 8, 9, 34, 46, 5, 53, 55, 56, 58, 60, 70, 71, 72, 99
37. Халили Мухамед - 33
38. Халити Абдурахман – 69, 86, 88
39. Џемаили Веби - 37

- продолжува -

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Шестото продолжение на Педесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 март 1993 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,'55 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски и Ристо Стаменов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве известувам дека пред почетокот на денешното продолжение на седницата, пратеничката група на ПДП поднесе амандман на член 49 за додавање нов став 2 по став 1 по кој Владата на Република Македонија не се произнела.

Господинот Стефковски бара збор.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, излегов на говорницата во Парламентот да искажам еден протест од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ во однос на однесувањето на Владата на РМ во врска со активностите што ги врши вршителот на должност министер за

надворешни работи, господинот Стево Црвенковски во Шујорк. Од печатот кој што го следиме недвосмислено произлегува еден заклучок дека работите околу меѓународното признавање на Република Македонија се при крај. Дали треба пратениците да добиваат' сознанија за меѓународното признавање и за активностиве што течат читајќи весници или тоа треба да биде сторено од претставникот на Владата, конкретно мислам претседателот на Владата во оваа зграда и во оваа сала.

Поаѓајќи од тоа дека меѓународното признание на Република Македонија е од историско значење, се поставува прашањето каде сме ние како пратеници во овој Парламент и каде е и претседателот Стојан Андов во неговото ангажирање да обезбеди една расправа во овој Парламент, ако ништо друго барем информирање до каде стасавме со активностите за меѓународно признавање.

Во овој случај, нашата пратеничка група поднесува барање за итна седница на овој Парламент, на кој ќе се расправа за активностите, се што е сторено во овој месец дена на учество во работата на вршителот на должност министер за надворешни работи господинот Стево Црвенковски во Њујорк, се со цел овој Парламент и ние да се вклучиме во една таква активност . И, во што е крајната цел? А крајната цел е дека стои едно сознание дека овој Парламент ќе биде изместен да се произнесе воопшто за меѓународното признавање на Републиката по основ на основниот проблем, а тоа е околу името на Републиката, значи за бивша, и тоа мало "б" југословенска Република Македонија.

Од тие позиции, сметам дека треба претседателот на Собранието да постапи по нашето барање за одржување на итна седница и Парламентот да ја добие потребната информација од страна на Владата на Република Македонија во смисла на ова што го изнесов во моето обраќање и во мојот протест пред ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се разбира, јас не сум добил никакво барање. кога ќе добијам, ќе постапам по него.

Продолжуваме со работа.

Отворам претрес по амандманот на член 4 9 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеничката група на ПДП.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Почитувани пратеници, Владата имаше прилика да се изјасни по повод овој амандман, разликата меѓу претходниот од група пратеници од истата пратеничка група е само во стапката, од 2% е на 3%.Меѓутоа, во врска со тоа, очигледно се присутни некои недоразбирања во врска со членот 49 каде се додава нов став. Јас сум должен, за да биде јасно, да го прочитам ставот 1 на член 49.

"Стоките наменети за користење во сопствено домаќинство, што државјани на Република Македонија и странски државјани ги носат со себе при доаѓање од странство или ги примаат од странство, освен стоки што врз основа врз кои се применуваат царинските повластици од членовите 28, 29 и 30 на овој Закон" , а мислам дека знаете кои се, се работи за сите ослободувања - "и стоките за кои во царинската тарифа е предвидена стапка слободно се царинат по стапка од 3%". Значи без број стоки потребни во домаќинството кога граѓаните ги внесуваат при доаѓање од странство, со цел да е помогне на граѓаните секојдневно во патничкиот сообраќај да не бидат изложени на контроли, без број ситници итн. Се предлага после овој став да се додаде нов став, кој

I/4.-

би гласел, малку е текстот дотеран - "ПО исклучок од одредбите на став 1 од овој член сопствениците односно корисниците на превозни средства" - корисниците е значи сосема недефиниран поим, значи може да не биде сопственик, а да е корисник - " и патнички автомобили плаќаат царина на увезените превозни средства и патнички автомобили за кои во царинската тарифа е предвидена царинска стапка слободно". И ова не може, значи за нив не се плаќа, амандманот има повеќе суштински, материјални и правни грешки и тој воопшто не може да се вклопи во овој член од законот. Тие што се слободно не плаќаат, ставот 1 го слушнавте, не плаќаат воопшто, освен нив, освен тие што се ослободени 15% за сите видови стоки. Ако веќе се сака овде да се предвидат 3%, ние ќе имаме закон за царинските тарифи во кои исто така ќе биде предмет на расправа каква стапка да има и за овие граѓани, граѓани кои патуваат од странство било кои граѓани кои се враќаат од странство, со тоа што Владата е овластена да не биде тоа неограничено да се увезат стоки со стапка од 15% независно од видот на стоката, ќе утврди колку најмногу може да има граѓанинот за да плати за тие стоки 15%.

Молам да се сфати дека овој став во овој член од ред при- чини не е можно, и кога би се сакало тука да се смести во овој член.

**ХАМИД АЛИУ:**

Господинот министер, почитувани пратеници, е во право за првиот став на член 49. Меѓутоа, ако го анализираме Законот за царини во член 29 каде се ослободени, нашата пратеничка група не бара да се ослободат, туку се бараат 3%. Затоа е ставен во вториот член овој амандман и има логика и може да егзистира на овој член.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов да кажам кратко во смисла Царинскиот закон е еден од суштествените закони за една држава

особено во услови кога денес ја обликуваме, едноставно ја заокружуваме државноста на Република Македонија. Да се поднесе амандман мислам дека е многу сериозна работа, особено кога се работи за фискалните елементи од кои што државата остварува приходи, од кои и функционира државата, во случајот од царините на државата.

Оттука, за мене овој амандман е неприфатлив од проста причина што задира длабоко во едни односи на живеењето воопшто на државата, од друга страна, немаме основни економски показатели за ефектите што би значело стапка 3 и стапка 2, бидејќи тактички со стапка 2 не мина, сега одиме на стапка 3. Мислам дека и пристапот веќе зборува за еден друг пристап и оттука без економски показатели што буквално и практично значи во практичниот живот ова што се нуди, не би можел ваков амандман воопшто да мине во овој Парламент.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, моја лична желба е нашите граѓани да возат модерни автомобили .Автомобили кои нема да ја загрозуваат околината, автомобили кои ќе значат сигурност во сообраќајот. Но, желбите се едно, можностите се нешто поинакви.

Исто така, сакам да Ви го кажам, по повод овој амандман, и следното мое размислување. Она што е наведено во образложението е можно да се оствари, според мое убедување исто со владина мерка или вади на политика. Според мене, нема таква законска или нормативна бариера која би ја спречила Владата, на пример да донесе уредба за секое старо возило, постаро од осум години, доколку се дава во отпад, да смее наш граѓанин да увезе без царина но со данок возило од странство.

I/6.-

Ефектите би биле следните, а да кажам и тоа дека досега само за еден амандман гласав кој зборуваше за ниска царинска стапка или за никаква царинска стапка на увозни стари или нови возила. Менувањето на овој начин преку амандман јас лично не можам да го поддржам затоа што овој закон е составен дел од таа слика , од тој мозаик што се добива во очите на тие лица кои седат во високите институции во целиот свет. Не би сакал господата предлагачи да го земат ова за кусур, но јас би претпочитал овој амандман да биде повлечен да не би морале да гласам* од проста причина зад него не стои како досега пратеник, туку стои пратеничка група.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, морам да признам дека овој амандман произлезе како разлутат првенствено на многубројните барања на граѓаните на РМ околу, регулирање на прашањето на утврдување на тарифната стапка за царинската основица за патнички автомобили. Граѓаните со право го поставуваат прашањето до кога ќе се реши ова прашање. до кога Владата ќе ја штити индустријата за автомобили од Крагуевац. Сметам дека кога околните држави ако Бугарија и Албанија овој проблем веќе го решија многу брзо и ефикасно, ние се уште тапкаме во место при решавањето на овој проблем. Затоа произлегуваат вакви амандмани во однос на тоа во член 4 9 Да се додава нов став. Јас се согласувам со министерот кога вели овде дали сме потрефиле со 3%, а Овде е речено дека има доста други стоки кои се увезуваат од надвор и дали е 3% или треба 15%, потполно се согласувам, но редно е оваа работа еднаш многу брзо да се реши, а тоа дали ќе биде со тарифните стапки или на друг начин, мислам дека ова прашање треба да го,решиме бидејќи и ние како пратеници имаме притисок од граѓаните. Нам не ни е

до тоа да поднесуваме туку така амандмани. Меѓутоа, навистина Владата би требало овој проблем брзо и ефикасно да го реши.

**ХАМИД АЛИУ:**

Почитувани пратеници, јас би се согласил со предлогот ,на еден од претходните дискутанти да се повлече овој амандман ако сме' принципиелни. На претходната седница ние усвоивме амандман за тешки транспортни возила, камиони и др., а денес не сме принципиелни и не можеме да го прифатиме овој амандман за патнички возила. Тоа е прво.

Второ, што се добива? Многу е јасно од образложението во амандманот што се добива.

Трето, ако се работи за што е од пратеничката група на ПДП па не треба да се усвои, тоа е друг& работа. Инаку што се добива, амандманот е многу јасен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас претпоставувам дека господинот Хамид Алиу зборуваше во името на пратеничката група. Тој истакна колку е важен овој амандман за граѓаните, но сваќа дека ова е системски закон и бидејќи постојано зборуваме да се донесат системските закони, кога ќе ни дојде системски закон да не го деградираме со поединечни решенија и прифаќам да не биде овде, а да биде решено во-друг закон, во Законот за царинска тарифа. Но тој вели дека сме биле непринципиелни со оној амандман. Меѓутоа, еве од Владата ќе ни објаснат, тој амандман се однесува на превозни средства само во странство, така што да не се споредува со ова. Повелете, господине министре.

**ЏЕВДЕ ХАЈРЕДИНИ:**

Не се отстапува, со фактот дека Владата не го прифаќа овој амандман, се уште не значи дека отстапуваме од начелната определба во оваа област. Се работеше за увоз на нови товарни возила кои се наменети за меѓународен товарен сообраќај. Тоа со ова нема никаква врска. Сега, бидејќи примаме во оваа смисла за овој ист член други' амандмани, јас реков дека од 11овеќе причини тој не може да биде сместен тука. Ова е закон за царината а овде постојано се инсистира на стапка а царинските стапки се утврдуваат со царинската тарифа. што е ставен членот 49 тука? Тоа е еден исклучок за група производи, не за поединечни за носители, за субјекти, а не1поединечни.стоки. Таму може да дојдат предвид илјада видови стоки, а за сите да биде 15%, што во тарифата не би било можно да Се рече така, затоа што во тарифата ќе бидат наредени предметите, стоките , а не субјектите, не правните лица. Затоа реков дека таму ќе има илјада тарифни броеви. се обидуваме да објасниме дека не му е местото овде на овој член, затоа што тој би отстапил од логиката и од контекстот на законот , па и на овој член. Можеше, ако имаше логика овде, и ако е сега Владата тоа, не може без цела стапка 15% некој да ја стави во прашање, да биде 10, 5, 20 итн. ова што е 15. Владата предлага да биде 15% за сите производи што ќе ги носат и што ќе им ги донесат на нашите граѓани од странство. И кога би се сакало, реков и пак повторувам, што е сопственик, а што е корисник.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Можно ли е да ги прифатиме поимот корисник. Па, кој е корисник? Секој на улица што е, што се нашол во моментот да ја користи колата треба да плати 3%. Значи има повеќе причини што не може да се прифати, а една од нив е доволна да не се прифати. И една.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитувани пратеници, јас сум убеден дека иако Владата нема да го прифати овој амандман ќе биде изгласан всушност. Ако не овој ние ќе го гласаме амандманот на Горан Зафировски. Излегов да објаснам нешто.

Јас ја прифаќам забелешката дека корисник нема прецизно значење тука и во тој домен овој амандман може да се искорегира. Меѓутоа, неприфатливо е толкувањето дека, ние бараме да се ослободат или да плаќаат извесна царина тие што внесуваат стока од странство. Тоа не е точно. Ние тука прецизно сме рекле- по исклучок од одредбите на став 1. Ние тука се бориме сите граѓани што сакаат да поседуваат патнички автомобили плаќаат царина од 3%. Ова не е ништо чуво, не е ниту против државата во тие земји каде државата нема сопствено производство на патнички автомобили. Ако се сеќавате, незнам дали со уредба беше или на друг начин така постапи Хрватска веднаш по осамостојувањето, така постапи и Словенија, која има дури и производство на патнички автомобили. Ние не инсистираме на луѓе кои се враќаат од странство и донесат фрижидер. Тоа не не интересира воопшто, туку за сите граѓани кои што сакаат да купат добро ново патничко возило. Ова е во интерес на сите граѓани. Не на членовите на Владата затоа што ние знаеме дека членовите на бившата Влада сите си купија нови Тојоти без јавен закон. Сега ќе им дадеме можност и на тие што немаат можности Тојоти да купат па да купат со закон.

II/2

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, по повод овој амандман сакам да истакнам неколку работи.

Прво и основно е дека на овој амандман местото не му е во овој Закон, и не само што не му е местото во овој Закон, исто така не му е местото и во овој член. Тоа се двете работи.

Друг аргумент/е тоа што е недоволно прецизиран овој амандман. Мислам дека, а сигурно и предлагачите треба да се согласат местото на овој амандман, расправата по овој амандман и расправата за царинската политика во делот на увозот на патнички моторни возила треба да биде кога ќе расправаме по законот за царинската тарифа. По овој, амандман имаме и друг амандман кој е модифициран, исто така за членот 49, имаме таков амандман сега притиснат за членот 29 и сите овие амандмани кои се сигурно со добра волја од страна на предлагачите но сметам дека овде не им е местото.

Навистина, изненадена сум од мислењето на поодделни пратеници од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ кои што денес го изнесоа своето мислење во делот на тоа дали треба да се прифати овој амандман. Мислам дека тука има доста изменета верзија а се однесува за истото кога расправавме за амандманот на господинот Петров. Мислам дека таа позитивност би била многу поповолна во одлучувањето на Парламентот и за овој амандман и за сите други што следат и што на некој начин сакаат во системски закон да внесат одредби од законот за царинската тарифа, за што мислам дека сите ќе се согласите, барем оние што сметаат дека системски закон треба да содржи само одредби за уредување на системот во делот на царините, а не да одлучува за висината на царинските тарифи. Тоа сигурно би требало да го имаме наскоро и сигурно тој закон ќе предизвика огромна и опсежна расправа, но кога ќе биде тој закон на дневен ред тогаш треба да расправаме за вакви работи.

II/3

**ГАЗМЕН АЈДЕРАГА:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници, со големо внимание ги слушнав објаснувањата што ги даде министерот за финансии а истовремено и претседателот на Комисијата за финансирање и буџет, меѓутоа за некои работи не можам да се согласам па затоа ќе изнесам свои видувања.

Беше речено дека член 28 и член 29 го регулираат прашањето на ослободувањето. Тоа е точно, меѓутоа во член 49, за кој е даден амандманот не се поставува прашање за ослободување. Мислам дека треба да ги разликуваме тие работи и работите треба да ги гледаме исправно. Стана збор дека тука е во прашање системски закон и токму поради тоа со царинската тарифа за поедини работи, поситни, ќе се регулираат работите, меѓутоа овде во глобала се регулираат работите. Заради тоа моето инсистирање е ОВОЈ амандман да биде прифатен. Овде се стекнува одредено право. Таму е речено слободно, дури со царинска стапка на одредени производи. Ѓ1од слободно значи 15%, а ние предлагаме наместо 15% да биде 3% и велиме ако има некоја формулација каде што станува збор за корисници, мислам дека и за тоа некои објаснувања можам да дадам бидејќи како корисници знаеме работите како течат, можат да бидат и оние кои ги набавуваат возилата по системот на лизинг. Заради тоа, не случајно е внесено и прашањето на корисниците на средствата.

**АЦО СПРИВОСКИ:**

Почитувани пратеници, веднаш да кажам дека моето мислење во однос на предложениот амандман е такво што изразувам лична поддршка во смисла на тоа што сметам дека со тоа законскиот текст на основниот царински закон кој е предмет на дискусија на овој Парламент нема да биде оптоварен со внесување на еден ваков став, затоа што на некој начин се означува царинската стапка. Повеќето дискутанти рекоа

дека не му е местото тука, треба да биде во законот за царинските тарифи. Сметам дека ако го назначиме на овој начин во членот 4 9 да се додаде нов став Законот нема да биде оптеретен, туку една особено важна материја за граѓанинот кој треба да живее во оваа Република да биде назначена и регулирана токму во основниот закон нема апсолутно никакво оптоварување по однос на законот за царински тарифи каде што едноставно може и ќе се препише оваа формулација во однос на предметното прашање кое се однесува за превозните средства и патнички автомобили. Истото особено го сметам од причина што познавајќи ги прописите кои ја регулираат оваа област и сите ониe оптоварувања кои ги трпи граѓанинот за купување кола од странство по однос на Европски и светски стандарди сме| далеку поскапо во однос на давачките кои ги зафаќа државата. Ја сфаќам политиката на државата во однос на царината, сфаќам дека царината има пред се две основни улоги, тоа е фискална и заштитна, ќе се согласам со тоа дека заштитната улога веднаш може да се елиминира од причина што ние немаме производители на автомобили или превозни средства, а во однос на фискалната политика можеме да дискутираме во смисла на тоа дали ќе ја намалиме царината или данокот. Сметам дека данокот на промет за превозните автомобили е висок односно кога ќе се соберат сите зафаќања кои одат по оваа основа тогаш ќе' имаме нешто повеќе од она што цела Европа односно повеќе земји во светот го пропишуваат односно високи давачи према државата а знаеме дека основно е да се задоволат потребите на граѓаните.

Ја изразувам својата поддршка на овој амандман со тоа што на господинот Халили кој го предлага овој амандман би му укажал, ако сака, ако веќе прави забуна во основниот текст ова право да го имаат само сопствениците може истиот ако сака да го повлече, да го коригира во однос на корисниците. Ако не му е местото на овој амандман во

законскиот текст тоа право да го искористи и да одиме едноставно на изјаснување по овој амандман.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, прво сакам да го искажам своето мислење дека по овој амандман на еден или на друг начин Парламентот расправа веќе по трет пат. Со оглед дека еднаш амандманот не беше прифатен, втор пат не беше прифатен скоро истиот амандман со поединечно изјаснување и мислам дека влегуваме во еден маѓепсан круг кога можеме заради деловнички така уредениот начин на работа на овој Парламент да можеме со 0,01% секогаш да го менуваме тоа што го нудиме со нов амандман и да расправаме до бескрај. Мислам дека треба пратениците да го почитуваат она што овој! Парламент веќе два пати го изгласа по повод поднесените амандмани и од пратеничката група на ПДП и од еден независен пратеник.

Исто така мислам дека не би требало ни нови амандмани веќе да се поднесуваат со оглед дека спаѓаат во доменот на овие кои веќе ги расправаме, а се под еднакви и само си ја намалуваме сопствената продуктивност во работата. Моето лично мислење е дека овој амандман е неприфатлив од образложенијата кои ги даде пратеникот Славјанка Стојанова и на една од претходните расправи на овој Парламент по овој ист амандман пратеникот Владимир Голубовски.

Меѓутоа по повод на овој -амандман, сакам да кажам уште нешто што мислам дека начелно може по овој амандман да се дискутира.

Прво, не би требало да инсистираме принципот да се гради на тоа дека се што во Македонија не се произведува треба да биде ослободено од царина. Македонскиот економски простор е премногу мал, имаме премногу мало производство и недисперзирано за да можеме да го усвоиме тој принцип. Тоа ќе значи дека најголемиот дел од производите

ќе бидат без царина затоа што Македонија од вкупното производство што се оценува во тарифата само мал дел произведува бидејќи сме мала држава во економското производство. Можеме на прсти да ги изброиме фабриките. Така да сметам дека образложението што е поднесено за овој амандман не би требало да се прифати зашто може да доведе до опасно толкување во однос на тарифата за сите производи кои не се произведуваат во Македонија, а се во таа номенклатура на царинската тарифа.

Второ, ги поддржувам оние пратеници кои се изјаснуваат дека не му е местото на овој амандман во овој закон и од причина што дел од царината има и фискален карактер. Мислам дека не би требало во овој закон да ја исклучиме можноста и ова Собрание и Владата да водат по флексибилна царинска политика во иднина, иако ова е прашање за кое пред се се заинтересирани приватните лица, граѓаните итн.

На крајот сакам да го укажам следното по повод на овој амандман, и сите амандмани од овој вид кои се разликуваат само во некој процент.

Парламентот мора да биде на висина на сопственото мислење за целината на политиката што ја води, особено на буџетската политика која ја води, која во овој закон во основа покрај економскиот дел, стимулативен има и свој буџетски дел особено на страната на приходите. Парламентот паѓа во своевидна замка секогаш кога расправа поединечно или за приходите или за расходите на државата, меѓутоа одделно како што е овој пат по законот за царините. Ние овој пат сите одиме во насока да се намалуваат приходите на државата со разноразни ослободувања и за тоа имаме илјадници амандмани. Еден од еклатантните примери е и овој, меѓутоа мора да водиме сметка дека ова исто Собрание, а најчесто и истите поднесувачи на амандмани кој кај приходната страна се секогаш рестриктивни на расходната страна се

секогаш суфицитарни со сопствените амандмани. Јас ќе потсетам дека многу често, на пример за инфраструктурата овој Парламент секогаш дава амандмани со милијарди денари кои треба да се усвојат во буџетот за изградба на разноразна инфраструктура. Доаѓа буџет кој треба да го усвоиме, кој во 1993 година веројатно ќе биде оптеретен и со многу расходи на страната на она што досега го немавме во основа,1 а тоа се дипломатско конзуларните претставништва, буџет во кој каква таква, меѓутоа треба да се издржува една војска, буџет во кој пратениците кои поднесуваат амандмани за ослободување на страната на приходите на државата поднесуваат секогаш многу амандмани. Дури можам и статистички тоа да го аргументирам,истите луѓе кои цело време бараат да се намалат зафаќањата истите луѓе бараат да се зголемат зафаќањата по основ за издавања за земјоделие, инфраструктура итн.

III/1/пј/см

**НИКОЈТА ПОПОВСКИ** : (Продолжение)

Така што мислам дека покрај сите проблеми со кои се судрува ова Собрание и методот на работа кој владее во Собрание не обврзува никого очигледно да води една целосна политика, освен Владата која за тоа се залага на оваа говорница, сепак, би требало Парламентот да биде на висина и секоја парламентарна група поединечно на задачата која е доверена. Кога расправа за буџетските приходи и расходи, па макар и на овој начин, тоа во суштина може да се сведе на ова да води сметка за своевидни баланси и во сопствената политика што ја нуди. Јас би прифатил амандмани на поединечни пратенички групи ,кои се рестриктивни и на страна на приходи и на страна на расходи. Или обратно, кои се стимулативни и на страна и на приходи и на расходи со зафаќање на огромен број од општествениот производ, меѓутоа и со буџетска потрошувачка на огромен дел од општествениот производ. Меѓутоа, просто ми е неприфатливо кога амандманите доаѓаат од исто место ништо да не се зафаќа,а многу да се троши. Таа политика меѓу другото води и во инфлација. Зашто, секој корисник на Буџетот нема да го убедите ако влезе во Буџетот со зголемени ставки за неговата намена дека нема тие ставки да ги тој исползува до крајот на буџетската година, дали е таа календарска, или е продолжена, не е битно. Според тоа, јас го молам Парламентот и секоја парламентарна група во рамките на својата политика што ја нуди и по основ на ова и по основ на сите други закони, кои задираат длабоко во финансиите на државата, на стопанството и на граѓаните на Република Македонија, да нуди конзистентна политика за да можеме така да расправаме.

Инаку, сме сведени на парламент кој расправа ат-хок и каде што никаква политика не доминира. Пратеничката група на СДС во овој случај е ставена во позиција да не може да ја брани сопствената политика, затоа што ат-хок се доставуваат амандмани зад кои не стои одредена политика на зголемена општествена потрошувачка, намалена, рестриктивна итн. Така, мислам дека по повод на овој амандман треба да се има предвид и за некаква политика која мора да, ја води оваа држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Ванчо Младенов.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, додека сеуште трае расправата по амандманот поднесена од Пратеничката група на ПДП-НДП, во меѓувреме, сите вие, како и јас добивме уште два амандмани од потполно слична содржина. Тоа покажува дека оваа проблематика навистина прави обврска кај пратениците, дали според лична желба или според обврска спрема граѓаните или избирачите од каде потекнуваат тие пратеници оваа проблематика навистина бара да најде одредено решение во овој момент кога се донесува законот за царини. Меѓутоа, мислам дека голем број на пратеници го искажа своето размислување, кое исто така и јас го делам дека навистина токму оваа содржина на оваа проблематика не и е местото во. овој закон, туку тоа треба да се разрешава со друг закон, односно со законот за царински тарифи, Меѓутоа, бидејќи дека проблематиката и тензијата кај пратениците гледам дека е голема, мислам дека Владата во овој момент треба на некој начин да најде одредено компромисно решение за да не дојдеме во ситуација со надгласување да го деградираме законот кој рековме дека треба да биде системски треба да биде долготраен и да биде на некој

начин примерен на законите кои ги донесуваат и во другите земји, да не речам и соседни и европски. Од таа причина би предложил едно решение кое мислам дека би требало да биде прифатливо и за пратениците и за Владата,•односно предлагам овие амандмани како такви да не ги прифатиме и да не бидат составен дел на царински!рт закон. Но, затоа би предложил да прифатиме еден работен заклучок со кој би ја задолжиле Владата во најкус можен рок да го реши прашањето со увозот односно намалувањето или бесцаринскиот увоз на странски и патнички автомобили и возила. Мислам дека оваа проблематика е доста актуелна во Република Македонија со оглед на возниот парк и возилата со кои располагаат, меѓутоа, Дека навистина не му е местото на овој закон, треба исто така да го сфатиме, заради тоа, пак ќе кажам дека сме Парламент кој треба да носи закони, кои се на некој начин закони кои можат да се мерат со законите кои се и во другите поразвиени европски земји итн. Оттука, велам дека и предлагам и се залагам овие предложени амандмани и наредните кои се со потполно слична содржина да не ги прифатиме како составен дел на царинскиот дел, а и за тоа велам и предлагам да донесеме еден работен заклучок, при донесувањето на царинскиот закон, со кој би ја задолжиле Владата под итно, да можеме да дадеме и одреден рок, 10, 15, 20 дена, колку е тоа реално за да може Владата со одлука или со друг начин да го реши прашањето на увозот на автомобилите во нашата држава. Еве тоа е едно размислување со кое на некој начин би излегле од оваа да не речам наплив на овие амандмани, кои на некој начин не придонесуваат да се догради текстот на законот кој е предмет на расправа.

III/4

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Петар Георгиев.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, сметам дека амандманот не треба да се прифати и единствен аргумент што\ оди во прилог на амандманот тоа е либерализацијата на увозот на возила. Сите други елементи упатуваат на тоа дека ова исто прашање може да се разреши после донесувањето на законот за царинските тарифи, а кои што на одреден начин овозможува и водење на права царинска политика. Од кои причини?

Прво, сметам дека ние тек сега, ќе ги воспоставуваме тие деловни односи односно со одредени меѓусебни контакти со сите други држави каде што ќе бидеме на одреден начин во ситуација да склучуваме и меѓусебни спогодби. Во рамките на тие спогодби ќе се дефинираат сигурно и одредени услови за пласман на одредени стоки. Сметам дека вишоците на стоките кои што ние ги имаме во Републиката токму се во прилог на тоа да најдат свое место во тие спогодби и во рамките на тие спогодби да внесеме и елементи да диктираме и наши услови. Тука се вишоците на приходите, како што е тутунот, јагнињата, виното, како ние ќе ги пласираме тие производи ако легализираме слободен увоз на автомобили, а во Европа по прашањето на автомобилите се води една жестока битка. Кој ќе го добие, кој пазар ќе го има за пласман на автомобили. Што значи има вишок на автомобили, ама има вишок и на наши стоки кои исто така на одреден начин со одредени механизми на заштита се блокирани пласманите- Само како пример да кажам, Словенија воведе 100% царина на увоз на вино и тоа со еден нивни акт на Владата. Според тоа, Словенија, барајќи свој интерес како од

фискален аспект, така и заштита на сопственото производство тој акт го донесе и на одреден начин го применува до ден денес. А ние, ако во нашиот системски закон, вградиме една ваква одредба, сметам дека веќе си ги ограничуваме нашите можности да преговараме натаму со сите други држави кои што на одреден начин ќе пласираат одредени стоки. Со тоа сметам дека би требало царинската тарифа како посебен подзаконски акт е далеку пофлексибилна и Владата во рамките на уредувањето на тие односи сигурно многу повеќе може да изгради соодветен однос, соодветен субјект, соодветна држава и на одреден начин во рамките на царинската тарифа да ја исполни и обврската т.е. водењето на стопанската политика на Републиката. Инаку ние водејќи сметка за граѓаните таму, на една поволност за либерализација на увоз го запоставуваме останатото стопанство и проблемите кои што денес ги имаме за пласман на производите од останатото стопанство. s

Уште еден аргумент во прилог. Овде во амандманот стои дека да се овозможи увоз на превозни средства. Сметам дека и автобусите се превозни средства, а во Републиката ние ги произведуваме и на одреден начин сигурно со ваков амандман ние практично овозможуваме во нашата Република да можат и автобуси да се увезуваат. Што значи дека многу внимателно треба да се води сметка на она што ќе се постигне односно крајните ефекти што ќе се постигнат со она што ние како законодавен орган го предлагаме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Мене ме чуди една работа, господа пратеници и пратенички и сите присутни во салата зашто е маѓепсан кругот. Ми се чини дека за да биде маѓепсан еден круг треба еден да е силен многу или да има некоја натприродна сила. За жал, во ова Собрание постојат и такви луѓе кои имаат натприродна сила и за тоа кругот е маѓепсан од таквите. Се прашувам одма, ставив еден прашалник до кога ќе се политизира за секој закон кој се носи тука. Ние тргнуваме само од политизација на Законот, не од фактичката положба на Законот. Тука сте повеќе учени и ми се чини ме разбирате што сакам да кажам. Ако некој и одма ќе потцртам, јас сум цел ден на улица, а немам кола, немам ни точка, затоа што немам дома и нема да купам и без царина. Меѓутоа, кога може некој да вози мерцедес, БМВ-ињa и незнам и какви дури коли за кои тврдам дека не платиле ни данок, ни промет, ни царина, ни ништо, не викам за вас тука што сте, не викам за вас затоа што надвор гледам многу. На нив не им е потребен ни таков закон да се донесе. Дали Законот на царните ќе биде 40% или ќе биде 1%, тоа не е важно.

Се обраќам на еден претходник кој е пратеник од СДС, тоа не можам да го кажувам, нека ми простат, вика ние тргнуваме од сопствената политика. Јас ве прашувам, веднаш поставувам прашање на другите партии, на реформските сили, на ВМРО, на ПДП и НДП дали законот кој треба да се носи и политиката која се води во оваа држава е исклучиво на комунистите, сега не се ни комунисти, дали и тој закон што треба да се донесе е лично нивни закон. Прво, ги прашувам реформистите од десната страна, ВМРО, овие не ги прашам, ПДП и НДП. Дали сега тие партии ќе дозволат пошто политиката одговара на тој закон кој треба да го донесеме да дигнат рака за таков закон или да не

дигнат. Следи еден мој амандман кој не се разликува многу од амандманот на господинот кој го поднел понапред. Незнам од кого беше тој амандман, дали од ПДП, е сличен, само со стапката кај мене е помала, кај нас поправо, кај мене и кај пратеникот Горан Зафировски. Разликата не е голема и тука можеме да^напра виме еден пазарлук, дали ќе биде, 3 или 5 или 4, тука може да се разговара. "

Да одговорам на едно прашање на ! госпоѓата од СДС. Овој закон, кој треба да го донесеме сега не треба да чекаме да го донесеме утре. Има зошто да зборуваме со тој тарифен закон. Ова е елементарен закон. Јас и завчера реков, законот треба да биде имутетнен, а не утре да го фрлиме, Владата да биде таа која треба да донесе незнам што.

Што се однесува до .заклучоците што ги доставуваат до Владата, тука незнам кој од Владата, за жал ние немаме Влада, имаме влада некоја во сенка, е, таа влада има добиено од нас тука безброј и амандмани и заклучоци. Но, тие заклучоци лежат таму кај некои министри. Се извинувам на тие министри што се тука присутни секој ден, а другите ги нема. Ако ги нема, нека ги нема, таа е нивна работа, но е наша работа и не сакам некој да каже дека треба, кажа еден од пратениците, да се донесат некои заклучоци и да им се дадат таму. Такви има тие колку што сакате во фиоките. Ние сме ги давале таквите, сите вие.

Колку за превентивата и за силината на куповната моќ и на што ќе се помогне, не сакам многу да зборувам, но сакам да кажам неколку зборови. Јас не сум ни адвокат, не сум ни правник.

Меѓутоа, кога ќе слушаш многу луѓе и ќе вадиш едно резиме и во тоа резиме ќе го кажеш, ајде сега да видиме кој е во право Митко или Трајко. Ние зборуваме, не викам за никој Трајко од тука, викаме дека еколошки да се заштитиме. Еколошки да се отруеме со тие коли што ги имаме. Погледајте само во градски сообраќај, погледајте само во тие ко што ги возиме односно што ги возите,^ ќе видите во каква состојба. сме, цел град е отруен. Значи побргу ние одиме кон смртта. Знам што не боли нас. Веднаш тоа второто иде. Увоз на автомобили од бившите ЈУ републики. Сакате не сакате, нешто повеќето од нас не врзува. Не врзува со таа трговија, со тие места. Добро, ама сега кога може една Тојота да се земе за 20.000 марки, зашто,па да земеме една скапана кола која се произведува таму во Словенија, Сараево или во Крагуевац, каде се произведува, незнам и каде се произведува за 25.000 која ќе труе, а целиот материјал многу понечини, времетраењето е многу пократко, а парите се многу повеќе. Ама господ не може да[ ме убеди во тоа дека е тоа така и не е така. Зашто да нема секој селанин една кола да кажеме, каде што може да ја запрегне, каде што може зад неа да носи материјал во ливада. Ако веќе дотраеното фиќо го фрли, нему ние не му овозможуваме да има друга кола таму во полето. Значи, го пречиме и земјоделството. И градинарот итн. итн. Кој пазар заштитуваме? Сакам да ми одговори министерот ама не е и за тоа, за стопанство треба да е тука. Ти можеш да кажеш само за парите. Овој не е тука. Овој за стопанство го нема. Ние зборуваме и без министер за  стопанство и без...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, околу амандманот зборувајте.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Се е по амандманот. Јас го бранам и амандманот и претходниот и овој што го имаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, сега само овој е. на дневен ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ.:**

За жал, овде кај .нас не постојат сите служби и немаме таков човек кој треба да ни одговори, кој треба да се брани. Не да се брани, но треба да даде точен одговор на сите наши прашања. Таков човек не постои. Ќе стане министер и тој ќе си ги брани парите. Тоа за мене не важи.

Една друга работа. Дали го слушате вие туѓото уво или само вашето уво, односно ние. Фала богу ние слушаме со едното, со другото не слушаме. А дали го слушате тоа уво големото на народот? За жал, и тоа уво не го слушате. Не го слушате ни гласот, ни увото. Затоа што преку тапанкето прима, а преку тапанкето се одбива да дојде на нашето уво. И тоа не го слушаме. .

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Анастасовски, ајде сега немојте анатомија.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

За да се затвори односно отвори кругот, тој маѓепсаниот круг и да сопреме со манипулации околу законите, со политизирање, затоа што закони не се носат секогаш. Јас од моја страна го штитам односно го поткрепувам првиот амандман и го штитам амандманот кој ќе следи веднаш, нашиот амандман што го поднесовме јас и Горан Зафировски.

IV/1 дв/вц

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Митко рече дека ние секој закон го политизираме и дека од прилика кој како ќе излезе, од која политичка партија така се и однесува. Јас обрнато ќе се обидам од економски аспект? да укажам на негативните страни на овој амандман.

Прво, ние за ,кои граѓани зборуваме да ги заштитиме, за народот, за оние 80 или 90% во Република Македонија кој има толку ниски лични доходи што едвај може да се прехранат, а и тешко тоа да го обезбедат. Или пак зборуваме за оној дел 10 до 15% кој живее богато, кој може да купи автомобили и со царини и со порези и со сите давачки. Според тоа, ако зборуваме за тој народ кој претставува 85 до 9 0% и на кој сакаме да му помогнеме,ние тука треба да зборуваме како да му обезбедиме храна, како да обезбедиме 100 илјади тони пченица која ни недостига, како да обезбедиме млеко кое го немаме во Републиката како да обезбедиме млеко, а тој човек денес иако има потреби, иако автомобилот веќе не спаѓа во некој посебен луксуз, туку потреба тој може да причека и уште шест месеци и уште година дена или две години без тој автомобил. Или пак, ако зборуваме за тој дел и ако тој дел е нешто и спремен да набави, ние треба да овозможиме такво нешто за категорија на возила кои се народни возила. Ние сега сме контрадикторни. Велиме мерцедеси БМВ и незнам какви возила поединци се возат, а од друга страна пак зборуваме тие да бидат ослободени од даноци и од царини. Кој сега пак ќе ги купи нив. Ќе ги купат тие што ги имаат. Тоа е една работа.

Второ, секоја разумна земја кога набавува ваква стока таа ја поврзува со бартераранмани со ангажирање на својата индустрија. Ако се тоа автомобили тогаш ангажирање на машинска индустрија на црна металургија, обоена металургија итн. и во такви бартер аранжмани една

влада која води домаќинска и паметна политика ангажира свои капацитети. Ако е тоа се отворено, слободно тогаш никој не може тоа да го спои, да го ангажира итн. Во такви случаи кога се ангажираат големи капацитети може Владата да донесе и многу поповолни услови за набавка на такви средства.

Трето, овде се зборува за превозни средства. Мислим дека овој амандман има своја содржина и своја логика во тој дел, но во делот кој се однесува на превозни средства на камиони, на шлепери, целиот парк во' Македонија е застарен и тој треба многу брзо да се обнови. Нашата стока треба да се пренесе во Европа во светот, а за тоа требаат нови економични возила, возила кои ги исполнуваат еколошки услови затоа што набрзо сите наши возила ќе бидат забранети да влегуваат во Европа. За тоа треба сега Владата да води сметка во изградбата на тарифата, да ги укине царините. Јас мислам во тој поглед и работи. Но, ние не можеме анблок да кажеме за сите превозни средства. Тука и Перо пред мене кажа ние произведуваме автобуси, имаме огромна фабрика, една од најголемите фабрики на Балканот, и таа фабрика не можеме сега да ја ставиме во една конкуренција да дојде на удар со дампинг - цени и со произведувачи кои користат и многу поевтини материјали и многу поповолни каматни услови и кои создале високи капитали, да ја ставиме веднаш во иста ситуација со еден"Мерцедес" итн.

Четврто, ние можеме да и препорачаме понатаму на Владата да ги ослободи сите трактори, сите приклучни уреди за земјоделието, мултикултиватори итн. за потребите на земјоделието кои може да дадат производство и кое производство може да ни послужи за извоз, за прибирање на девизи. Стимулирањето на увоз на возила во овој момент практично значи испумпување на девизни средства. Според тоа ние мораме да гледаме драги колеги економски, да не поаѓаме од посебични

лични интереси, од некои афирмативни настапувања. Една држава мора да се штити. Јас мислам дека ние вака не би дискутирале кога би ги знаеле економските состојби во кои се наоѓаме.

Јас да ја искористам оваа прилика и да заклучиме ние како Собрание за 10 до 15 дена да ни подготви една објективна реална анализа за состојбите во македонското стопанство. Кога ќе ги слушнеме сите овде, кога сите ќе ги увидиме, поинаку би се однесувале во вакви ситуации и потполно економски би размислувале.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувани пратеници јас најверојатно нема да го најдам местото на овој амандман каде му е затоа што и не ми е струка, меѓутоа ќе се обидам да придонесам нешто барем малку да се излезе од оваа ситуација, односно пат позиција.

Сега бидејќи имаме потписник на едниот амандман на завчерашната седница, можеби требаше тогаш ние да побараме сите стоки кои се наведени во членот 49 место 15% да биде помалку, 10%, па можеби би нашле заеднички јазик со Владата, а не да се излечат само колите. Очигледно дека сега дошло до недоразбирање меѓу нас, пратениците и Владата. Колку мене ми е познато малку знам од оваа област не може државата да нема царина, бидејќи нема од што да живее. Ние имаме многу земји во Европа и светот каде немаат индустрија на патнички возила, но сепак имаат воведено царина. Еден од колегите овде, ми се чини господинот Поповски многу добро и пластично го изнесе тоа кога рече дека некој се борат за тоа буџетот да го зголемат, а приливот на средства за буџетот да се намали. Според тоа јас пост фестум велам, можеби требаше, незнам колку ќе биде логично тоа што

ќе ги кажам јас, но ние можеби требаше да се состанеме и да предложиме амандман кој најверојатно би наишол на разбирање и од страна на Владата и не би изгубиле току време.

**ЕШТРЕФ АЈТИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Следејќи ја расправата која се одолговлекува, добив впечаток дека Владата е обврзана да ми обезбеди девизи за тие коли што треба да ги увезуваме тука. Тогаш секој амандман ништо да не се плати нормално јас би го поддржал.

Согласен сум да верувам дека целта и суштината на донесување на- амандмани и амандманот на пратеничката група на која и припаѓам, на ПДП-НДП, треба да се Сфати како обид да се даде скромен придонес во можностите законот да биде што полиберален што подемократски. Доколку со сила на аргументите се убедуваме на потребата за корекција ценам дека без претензии да се омаловажува или да се отфрлува или фаворизира од друга страна, должни сме во интересот на битниот субјект граѓанин и во интересот зошто постои државата, т.е. за заштита на заедничките интереси прќеу институцијата државата, ние мораме да се договараме. Во тој правец, многу ми е прифатлив предлогот на господин Младенов, Собранието прифаќајќи го законот во начело да донесе и работен заклучок со кој би ја обврзал Владата на неопходната потреба на интензификација на работите околу законот за тарифите, имајќи ги предвид сите укажувања на неопходната потреба на либерализација на потребата на давање повеќе можности за модернизација и на возниот парк, за големата потреба да се заштити човековата околина која кај нас скоро веќе во сите градови е многу загрижувачка.

На крај овој закон да се сфати дека целосно треба да биде во функција на граѓаните. Доколку така размислуваме, а тоа бездруго

Владата треба да го има предвид тогаш ценам дека треба да се оди заеднички на солуцијата да се прифати работниот заклучок предложен од господинот Младенов.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Што е држава, како ја сфаќаме македонската држава. Дали под тоа треба да ги подразбираме само симболите на државата или државата треба да ги потврди внатрешните односи во политиката во економијата и во социјалната сфера. Се наоѓаме исправени со овие амандмани пред една дилема и со опасност да згрешиме и сите заложби на градење на една македонска држава да се сведат на обична декларација зад која не постои искреност на оние и најгласно што се залагаат за тоа.

Станува збор за системски закон. Тука беше искажано мислење кое апсолутно не можам да го прифатам дека Владата, само заради тоа ш^о случајно е таа Влада и што и паднало обврска да ги донесува системските закони со тоа стекнува политичка иницијатива за партиите кои ја> сочинуваат. Тоа е повеќе од смешно. Секоја Влада мора да ги донесе системските закони и зад системските законик мора да стојат сите политички субјекти, ако сакаме да градиме држава. Затоа, повторно да потсетам, а и воедно осеќам обврска да дообјаснам што сакав да кажам на првото продолжение кога зборува за една популација и тоа испуштив да го дообјаснам со економската лојалност и да ги потсетам токму оние кои во своите програмски определби ги имаат заштитата на националните интереси, дека економска нелојалност е еден од критичните фактори што ја оневозможуваат стопанската консолидација во Македонија особено во овие моменти. Свесни сме дека таа коинцидира со регионално егзистирање. Свесни сме дека најголем дел од приходите, државата не може да ги обезбеди заради тоа што постои таа нелојалност во сферата на здравството, во сферата на школството.

Постои прелевање од еден во друг регион во Македонија. Ако сме свесни за сето тоа, а свесни сме дека приходите од царината се втората стапка од алиментирање на буџетот, тогаш за која заштита на македонските интереси еден дел тука од македонските пратеници се залага.

На крај само да потсетам дека е многу неодговорно и опасно било какво додворување и играње на социјалното незадоволство, на егалитаризмот и на се она што може да го забави процесот на конституирање на македонската држава.

**РАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, во однос на поднесените амандмани на овој закон за царина сметам да укажам едно мое мислење за следното:

Во дискусијата се истакна тоа дека, за кого го носиме законот ние, за 10% што требаше да се ограничат или за 80% што не можеле. По мене ако тоа е државна заштита тоа е друго прашање, а ако законот го носиме за 10% да ги ограничиме, а 80% да ги осакатиме, тогаш што ќе ни овој закон, ние со интерна одлука можеме да ги спречиме тие богатите. Меѓутоа ние носиме закон над 80%, за тоа население, а не за 10%. Според тоа кого осакатуваме овде, оние 80% кои не можат на поевтин начин да дојдат до половни возила. Досега дискутираме дека на тој начин повеќе ќе обезбедиме ние средства со царина од 3 или 5% отколку да оставиме тие 10% и 50% пак помалку ќе имаме средства прилив во царина. Тоа го велам од досегашното искуство во нашата држава што се правеше досега. Секогаш моќниците купуваа, не гледаа на царината, тие 10%, а секогаш беа експлоатираш тие 80%, селанецот и работничката класа. Според тоа ова е политички гест пак тие да бидат експолоатирани, тие 80% и пак да бидат ослободени тие 10%, пак да можат они од банка да подигаат неограничено девизи а овие да не можат ни 100 марки да

земат за издршка. Значи таков закон носиме. Продолжете носете такви закони. Значи, ако не ви треба тој народ, каков сакате носете закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам задржувајте се на амандманот. Пратениците зборуваат за многу пошироки работи кои немаат врска не само со амандманот туку и со законот. Нема никогаш да завршиме така. Ве молам ова е системски закон.

V/1/JJ/лј

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас мислев и она што во почетокот го реков дека кога би било паралелно и донесувањето на законот за тарифните единици, не би постоеле овие недоразбирања зашто токму и од тука произлегува суштина на денешнава седница. Меѓутоа, излегов на говорница само да укажам на одделни пратеници кои што на одреден начин сакаат да ја девалвираат иницијативата на пратеничката група на ПДП во смисла на тоа дека економски се нелојални према државата. Незнам што треба пратениците на ПД да прават па да се убедат некои пратеници овде дека сме економски лојални. Мислам дека таква формула нема и јас колку знам и во суштина ја познавам програмата на пратеничката група и во целина такво нешто не стои. Сега од каде на тие лица кои што, како да речам ја имаат мувата на глава па сега и оваа работа ја имало кај нас. Мене тоа просто ме зачудува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

На почетокот да кажам дека ќе гласам против амандманот и едно лично обраќање до господинот Мухамед Халили кој што рече дека сите граѓани ќе бидат задоволни што ќе купуваат нови автомобили. Меѓутоа од што ќе живеат останатите граѓани кога нема да се плаќаат царини, од каде ќе живеат социјално загрозените граѓани, војската, од каде ќе градиме патишта школи. Господинот Мухамед Халили рече дека во многу странски земји не се плакало. Зарем ние господине Халили сме Шведска или Финска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам ако може да се обраќате на парламентот, не на јавноста, не на поединец.

V/2.-

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Почитуван господин демократ, изгледа дека Вие имате проблем со слухот. Јас не реков дека тоа е работа на Шведска и Финска. Реков дека веднаш после осамостојувањето со уредба или со друг акт или со закон за царини Република Хрватска и Република Словенија постапиле слично по ваков амандман. И јас не реков дека граѓаните, оној дел за кој вие зборувате, не треба да купуваат коли, туку реков дека со овој закон на еден начин не само што бившите министри се здобиле со коли без закон, сега со закон ќе им дадеме шанса на луѓето да купат коли, можеби послаби од тојоти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, дајте да се концертираме на законот за царини.

Се што е друго околу тарифите ќе имаме закон и таму ќе биде регулирано.

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака?(27)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 49 з а додавање на нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеничка група ПДП НДП.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 1 за додавање нов став 2, поднесен од пратеникот Исмет Рамадани.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (29)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Исмет Рамадани на член 49 став 1 за додавање нов став 2.

V/3.-

Отворам претрес по амандманот на член 29 став 1 после точката 6 да се додаде нова точка 6-а, поднесен од господата Митко Анастасовски и Горан Зафировски.

Дали некој бара збор?

**ГОРАН ЗАФИРОВСКИ:**

Суштината на овој амандман е слична и иста како на претходните амандмани од пратеничката група на ПДП. Многу не сакам да повторувам зошто многу дискутанти веќе кажаа зошто е потребно да се донесе ваков амандман за што ова е системско решение и со тие 3% практично понатаму во законот за карински тарифи ќе нема потреба а се регулира или само ќе може да се препише 3% тарифа за увоз или не мора да стои како оптоварување на таа царинска тарифа.

Јас мислам дека повторно ќе се случи да го чекаме тој зак< за царинските тарифи може би 1-2 години, а уште додека постоеше Бивша Југославија, Словенија и Хрватска имаа разни начини да дојдат до увоз на автомобили, постоеја малогранични промети, увоз на автомобили за некои овластени фирми, така да би ги замолил пратениците да гласаат за овој амандман.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Заеднички се мотивите на подносителите на овие амандмани и на сличните амандмани, меѓутоа јас мислам дека за целата оваа работа изворот е во тоа што пратениците со право се сомневаат, затоа што и ние овде истакнавме дека донесувањето на законот за царинските тарифи веројатно нема да биде така брзо. Меѓутоа на оваа Влада и на овој парламент никој не им брани постојниот закон за царинска тарифа што е сега на сила да го променат во постапка предвидена со закон и со деловник. Дотолку се цени, тоа е право на Владата и на овој парламент дека има ургентни работи, како кај данокот на промет односно стапките на данокот, каде што имаме притисок за одредени работи, така и за

V/4.-

законот за царинската тарифа да се менува постојниот закон по иста постапка. Меѓутоа, се знае дека тука после ќе се отворат други прашања Зборувам конкретно за овој амандман, молам, членот 29 каде што се сака да се вметне и таква една одредба во заглавјето, ве молам , една е намерата, а друго е со која намера каква цел може да постигнеме. Овде стои дека од плаќање царина ослободени се и во член 29 во точките не може да се става некој да плаќа царина ни со 0,5% затоа што тој член регулира ослободување на плаќање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници давам поддршка на предложениот амандман Тука имаше различни дискусии во однос на факторот држава, а истата, како и претходниот амандман дека истата се сиромаши, се спомнаа и некои други сегменти. Моето мислење е сосема обратно. Сметам дека токму со ваквиот амандман има економски ефект за државата, дека ќе има многу поголема динамика и најважно и основно ќе ги задоволиме потребите на граѓанинот да вози добра кола која што не е никаков луксуз, туку основна потреба на секој граѓанин на оваа држава. Каква кола ќе вози тоа е големо прашање, меѓутоа само нешто потсетувам што се случи на пример во Куба каде што сеуште се возат шевролети од 1950 година, нешто слично и тука на некој начин се подготвува од она што претходно го кажавме. Зафаќањата на државата во оваа област се преголеми. Јас само ќе ве потсетам на пример една Турција, зафаќања со се данок има до 20% и во икс други земји, секаде стапката се движи некаде во некои реални рамки до 36-37%, тоа е еден земено светски просек.

Сметам дека зафаќањата кај нас се преголеми. Ако сакаме ние да правиме заштита на бившиот југословенски простор каде што веќе, веднаш а укажам важи една сосема друга царинска стапка од 1%, тоа е

друго прашање. Овој закон не доаѓа сам. Овој закон треба да го следи законот за царинските тарифи. Тој веројатно изгледа уште доста ќе го нема, ќе почекаме на него. Меѓутоа, јас потсетувам дека и во истиот закон што денеска го носиме во членот 56, добро погледнете ги овластувањата на Владата каде што .може Владата слободни да ги менува царинските стапки и тоа е смислата на овој амандман и се инсистира во основниот законски текст да се воведе царинска стапка во конкретниов случај 3%, а само заради таа комоција на Владата во однос на нејзиното располагање односно одлучување за царинските стапки. Јас сметам дека оваа наша држава сосема погрешно тргна во овој правец.

Како пратеник од Охрид ја само ќе дадам едно укажување, што за жал е вистина, а министерството за внатрешни работи добро нека се ангажира да ги провери овие состојби. Тука, не случајно во овој амандман се спомнуваат корисниците на превозни средства, не се работи само за сопственици, меѓутоа, за корисници на превозни средства однос и граѓани во голем дел веќе се влезени превозни средства во оваа Република на има лизинг. Меѓутоа, што се случува?Јас ви кажувам дека оваа држава сосема погрешно заради тие ограничувања ги има започнато работите. Конкретно оваа согласност што доаѓа од Министерството за надворешни работи чини 6000 марки. Има уште неколку такви, меѓутоа, сознанијата одат и до таму да ваквите состојби се многу присутни во Скопје, Тетово, Битола и останати градови.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за? (35)

Констатирам дека амандманот поднесен од пратениците Митко Анастасовски и Горан Зафировски на член 29 став 1 после точка 6 да се стави нова точка 6 не е усвоен.

V/6.-

Има збор господинот Веби Џемаили.

**ВЕБИ ЏЕМАИЛИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето барам поединечно гласање имам поддршка од 10 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Славјанка Стојанова се јавува за процедурално прашање.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Бидејќи господинот претседател не ми даваше збор, реков дека ќе биде процедурално, но бидејќи имам право пред да гласам да кажам зошто нема да гласам, сакам тоа да го кажам.

Сакам да кажам дека законот е премногу сериозен за да имал ваков пристап каков имаме денеска на седницава. Сакам да кажам ако во членот 29 стои дека од царина се ослободени и се наброени во одделни подточки, навистина е несериозно во таков член да ставаме односно да гласаме или да не гласаме амандман во кој што ќе биде утврдена одреден. стапка како обврска. Сакам само да укажам на сериозноста на гласањето односно не гласањето. Ќатегорична сум против овој амандман. И мислам дека сите треба да го имате тоа предвид да не донесуваме закон уште во почетокот со фалинки, закон кој што нема да има смисла.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде кога некој образложува зошто нема да гласа или ќе гласа вака или така, треба да каже аргументи зашто тој тоа го прави, а нема право да сугерира како другите да прават. Тоа е вистинската ситуација. Тоа да го сфатите, инаку госпоѓа Стојанова си кажа зошто она така ќе гласа.

Има збор господин Стојков.

V/7.-

**СТОИЛЕ СОТЈКОВ:**

Почитувани пратеници, поради мојата принципиелност и ја с ќе кажам дека нема да гласам за овој амандман од следните причини. Во членот 29 кој што почнува со зборовите - од плаќање царина се ослободени и се набројуваат работите, што значи воопшто не држи амандманот односно ваков амандман да може да се даде на овој член, каде ќе се од редува висина на стапка на царина. Лично сметам дека висината на стапките на царините во овие случаи треба да се одредат во законот за царинските тарифи. Пред два дена без за тоа дали во ваков член како што е 28 и 29 да се ослободат граѓаните од плаќање на царина воопшто за автомобили. Тоа е принципиелноста моја и затоа кажувам дека за овој амандман нема да гласам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Го молам секретарот да спроведеме поединечно гласање.

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

ФАИК АБДИ - не е тука
ГАЗМЕНД АЈДАРАГА - за
ЕШТРЕФ АЛКУ - против
ХАМИД АЛИУ - за
МИТКО АНАСТАСОВСКИ - за
СТОЈАН АНДОВ - против
СИМЕ АНДОНОВ - против
ГОЦЕ АНДОНОВСКИ - не е тука
НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ - не е тука
ЛАМБЕ АРНАУДОВ - не е тука
ДРАГИ АРСОВ - за
БРАНКО АРСОВСКИ - против
ДУШКО АРСОВСКИ - против
ГОРГИ БОЈКОВСКИ - против
ЈОВАН БОШКОВ - не е тука

V/8.-

ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ - за

АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ - не е тука

ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ - против

ПЕТАР ГОШЕВ - не е тука

ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ - воздржан

САДЕ ДАВЧЕВ - воздржан

РАТКА ДИМИТРОВА - не е тука

ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ - против

ТОДОР ДИМОВ - против

ДОСТА ДИМОВСКА - за

БОРКО ГОРЧЕВСКИ - не е тука

ДУШКО ГОРГЕВСКИ - против

ПЕТАР ГЕОРГИЕВ - против

ЗУДИ ЕМИНИ - за

ЈОРДАН ЗАФИРОВ - против

ГОРАН ЗАФИРОВСКИ - за

НАСЕР ЗИБЕРИ - за

ВАСИЛ ЗИМВАКОВ - против

ВАНЧО ЗАЛАТАНОВ - против

БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ - за

ИВАН ИВАНОВ - не е тука

ЉУБИСАВ ИВАНОВ - против

ЈАКИМ ИВАНОВСКИ - не е тука

СИМЕОН ИВАНОВСКИ - против

ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ - за

РИСТО ЈОВАНОВ - против

ПЕТАР ЈОВЧЕВСКИ - 3 а

РИСТО ЌЕЛЕШОВ - не е тука

ТАШКО КИРОВ - за

ЗОРАН КИТЕВ - не е тука

V/9.-

КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ - не е тука

СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ - против

ГОРГИ КОТЕВСКИ - за

ЗОРАН КРСТЕВСКИ - против

НИКОЛА КРСТЕВСКИ - за

БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА - не е тука

ВЕЦКО ЛИЧЕВСКИ - против

КОЛЕ ЛУЛОВСКИ - воздржан

ЕФТИМ МАНЕВ - против

ЈОВАН МАНЧЕВСКИ - воздржан

ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА - не е тука

ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ - против

МАРИН МИЛЕНКМОВСКИ - против

САШО МИЛКОВСКИ - не е тука

ВАНЧО МИНОВ - против

ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ - за

ТРАЈАН МИЦЕВСКИ - за

ВАНЧО МЛАДЕНОВ - против

ЏЕЛАДИН МУРАТИ - за

АВДИ МУРТЕЗАНИ - за

НАИМ МУСТАФА - не е тука

ПАНЧЕ НАСЕВ - воздржан

СЛАВЕ НАУМОВСКИ .- воздржан

СИМОН НАУМОВСКИ - против

БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ - за

ЈОВАН НИКОЛОВСКИ – против

ДУШАН НИКОЛОВСКИ - не е тука

МИХАИЛ ПАНОВСКИ - против

ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ - воздржан

ТИТО ПЕТКОВСКИ - против

V/10.-

ТОДОР ПЕТРОВ - воздржан

ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ - не е тука

МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ - за

ДИМИТАР ПОПОВСКИ - не е тука

КИРО ПОПОВСКИ - против

ЉУБОРМИ ПОПОВСКИ - против

НИКОЛА ПОПОВСКИ - против

ШАБАН ПРЕВАЛА - за

БОЖО РАЈЧЕВСКИ - против

ИСМЕТ РАМАДАНИ - не е тука

ИВАН РАМБАБОВ – против

ШУКРИ РАХИМИ - за

ФЕРИД САДИКУ - воздржан

НЕИМ СЕЛАМНИ – не етука

НАУМ СИМЈАНОВСКИ - против

АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ - за

РИСТО СТАМЕНОВ – не е тука

РИСТО СТАНКОВСКИ - не е тука

ТОМСИЛАВ СТЕФКОВСКИ - против

СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА - против

НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ - против

НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ - против

ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ - не е тука

СТОИЛЕ СТОЈКОВ - воздржан

ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ - за

ЏЕЛИЛ ТАИРИ - воздржан

ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ - воздржан

ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ - за

БЛАГОЈ ТОШЕВ - за

ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ - не е тука

ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ - не е тука

ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ против

ДУШАН ТРПЧЕВСКИ - за

АГИМ ФАЗЛИУ - за

АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ - за

МУХАМЕД ХАЛИЛИ - за

АБДУРАХМАН ХАЛИТИ - не е тука Б

ЛАГОЈ ХАНЏИСКИ - не е тука

СЕЈФЕДИН ХАРУНИ - за

СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ - против

НЕЏАТИН ЏАФЕРИ - за

АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ - против

ВЕБИ ЏЕМАИЛИ - за

VI/2.-

БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ - против
ХИСНИ ШАКИРИ – за
ПЕТАР ГОШЕВ – против
ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА - против

**СТОЈАНА АНДОВ:**

Да ги соопштиме резултатите од гласањето.

35 пратеници гласале за, 45 биле против, 11 се воздржале, вкупно гласале 91 пратеник.

Според тоа констатирам дека амандманот не е поднесен од господинот Митко Анастасовски и господинот Горан Зафировски во членот 29 став 1 после точката 6 да се додаде нова точка 6-а не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 53 поднесен од пратеникот Симеон Ивановски.

Молам кој бара збор?

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се работи за два амандмани кои имаат иста содржина, едниот е во насловот пред членот 53 , а другиот е за членот 53. Практично ќе се обидам да образложам за штос е работи. Но, прво да кажам зошто го поднесувам амандманот, па пота ќе го образложам.

Во одговорот на Владата, каде што толкува што јас сакам да кажам во овој амандман вели вака: "наведените материјали во барањето со амандманот на Симеон Ивановски, доколку претставуваат еден од видовите искажани во членот 53, суровини, репродукциони материјали,

или помошни материјали, фактички се ослободени од плаќање на царина". Јас заправо заради таквото толкување на Владата го поднесувам бидејќи таа како Влада остава простор да каже до колку претставуваат едно од наведените искажани материјали. Незнам кој може да ги протолкува понатаму, дали барањето мое се однесува за стопанските експлозиви со иницијални средства. доколку Владата не каже дали се тоа репродукциони материјали, или не се, тогаш оставаме простор понатаму во законот ако тоа не е прецизирано да може да го толкува секој како што сака. Во досегашната терминологија и во досегашното толкување на оваа одредба, практично се одеше кон тоа цариниците да не прифаќаат стопанските експлозиви со иницијални средства дека се репродукциони материјали и ги оценуваат со највисоките стапки. тоа беше сосема јасно зашто беше така, бидејќи и толкувачите и произведувачите на експлозивни средства од иста позиција ги гледаат работите и заради заштита на експлозивните средства кои се произведуваат и во Босна и Херцеговина а најповеќе во Србија практично каково беше толкувањето. Во овој момент ние практично треба да се определиме дали експлозивните средства се репродукционен материјал, или не се репродукционен материјал. Доколку се репродукционен материјал практично точно е содржано во одредбата во членот кој што гласи: "на увозот на суровини, репродукционен материјал, погонско гориво и друг помошен материјал, не се плаќа царина од следните услови", и се набројуваат условите. Тука немам ништо против. Останува дилемата дали се стопанските експлозиви репроматеријал или не се репроматеријал. Ако не може Парламентот или Владата да го протолкува, ние не можеме да одиме од еден на друг цариник и да го толкуваме дали е репродукционен материјал или не е репродукционен материјал. Морам да ви кажам во практиката практично слободното мислење на одредени царински

служби го толкуваат кој како сака. Доколку му се чини во тој момент дека има потреба да го протолкува дека е репродукционен материјал, го протолкува како таков и нормално бидејќи тука се работи за стоки за извоз го ослободува од царина. доколку го протолкува дека не е репродукционен материјал, а морам да ви кажам дека илјада пати сум го поставил прашањето, ако не е репродукционен материјал, да ми кажат што е. Машина не е, експлозив не може да биде машина, резервен дел не е, помошен материјал не е. Практично не е ништо од тоа што е содржано во законот. Од таа причина сметам дека ние во законот треба да го одредиме што е тоа. Тоа не е во законот за царинските тарифи. Воопшто не се однесува за царинските тарифи. Еве јас ќе ви образложам икс пратеници досега ми рекоа, па и Владата дека е тоа за царинските тарифи. Законот аз царинските тарифи кажува колку царина треба да се плаќа, или која треба да биде стапката на стоките кои се увезуваат во земјата и се користат во земјата. Овој член не толкува тоа што се увезува во земјата за користење во земјата, туку членот 53 зборува за извезени стоки. Значи увезен материјал за производство на стоки кои одат во извоз. Тоа исклучиво е за стоки кои одат за извоз. Според тоа , а не се работи за експлозивни средства кои се трошат на домашниот пазар и домашни стоки, туку за увоз на експлозивни средства за производство на стоки кои одат во извоз. Според тоа, логично е ако ова палто јас што го носам се увезува материјалот и се внесуваат копчињата, дека тоа е ослободено. Тоа исто се однесува и во тој дел. Според тоа експлозивните средства не се содржани во производот кој оди. Не е содржан како хемиски состав , а е содржан во производот кога се внесува како технологија да се произведува. Мислам дека е нонсенс ако се одбие амандманот, или да стане министерот на Владата да каже дека моето

барање е содржано во формулацијата репродукционен материјал. тоа треба да го каже и тоа значи сме завршиле со толкувањето и јас ќе ги повлечам амандманите. Јас пред да го толкувам сакам министерот да се изјасни.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Дадено е писмено толкување дека стопанските експлозиви влегуваат во категоријата суровини репроматеријали, помошни материјали итн.

**СИМЕОН ИВАНОВ:**

Дали ова толкување од министерот е дадено, или каде е дадено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас Ве молам сите прашања кој можат да се решат со мислења и кои имаат статус на прашања за решавање со мислења на орган немојте да ги предлагаа за системски закони.

**СИМЕОН ИВАНОВ:**

Јас кажав зашто го предложив, бидејќи во одговорот на Владата кажува вака: "наведените материјали во барањето на пратеникот Симеон Иванов, доколку претставуваат едни од видовите искажани во член 53". А во членот 53 стои онака како што стои на увезени суровини репродукционен материјал, погонско гориво, според тоа Владата во толкувањето не рекла, туку до колку , а ако сега каже дека се содржани јас ќе ги повлечам амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи тука кажа министерот, тогаш е повлечен амандманот и нема расправа по него. Во согласност со изјавата на предлагачот на амандманот.

**СИМЕОН ИВАНОВ:**

Јас би ги замолил пратениците да не кажуваат што јас сакам да кажам и што министерот кажа. Министерот кажа тоа што кажа, а ова што е напишано овде е напишано. Да го протолкува напишаното.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Толкувања не се прават овде. Овде беше дадена изјава на министерот. прашањето на толкување писмено се даваат итн. Вие имавте прашање, вам ви се одговори. Ако е така како што ви одговори министерот, вие го повлекувате амандманот.

**СИМЕОН ИВАНОВ:**

Доколку 6 тоа содржано, како што рече министерот, јас ги повлекувам амандманите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овластен е министерот тоа што го рече. Инаку би се рекло дека министерот доаѓа да се шегува со нас. Немојте така ве молам.

Отворам претрес по амандманот на насловот. Имаме нов амандман. Овде изгледа ние немаме намера да го усвоиме законот за царина. Имаме нов амандман на член 49 кој гласи вака:"во член 4 9 во став 1 се додава нов став 2. Подносител е Борис Змејков ски. Амандманот Ви е поделен.

VI/7.-

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас предлагам по амандманите Парламентот да се изјаснува според редоследот на поднесувањето. ониe што се поднесени до почетокот на седницата, ако се поднесени во архивата, нека за нив се изјасни Собранието, а доколку се добиваат уште дополнителни амандмани , кој ќе ја враќаат расправата на членски одредби, кој веќе сме ги одминале тогаш собранието нека повторно се врати на нивно изјаснување . Инаку не може уште десет амандмани да добиеме кој ќе се пред 53 за кој веќе почнавме расправа. Затоа предлагам да си биде изјаснувањето по редоследот на поднесувањето на амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Таква деловничка обврска немаме, меѓутоа е корисно ова што го предлага господинот Петров. Ако може и така да направиме.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници со овие амандмани јас ги одвоив стапките по старост на возилата, така на пример за увезено ново возило, се однесува за патнички возила да се плаќа царина со царинска стапка од 3%,со старост до 5 години 7% и за возила со старост до 10 години 15%. А за возила кој што надминуваат 10 години старост да не бидат ослободени од царинската стапка, туку да бидат царинети во целост. Долу исто на самиот амандман има едно кратко образложение, кое јас би сакал на кратко да го образложам зашто се залагам за овој амандман, со овие стапки, бидејќи ни сите знаеме во Македонија немаме никаков монопол да штитиме односно Македонија да произведува патнички возила и нормално ако работникот во Македонија дојде до некакви средства, што тешко денеска се добиваат средства да се купи моторно возило, ако дојде до тие средства сигурно дека не би требало да му го

ускратиме правото да го купи тоа возило. За да не купува некое гнило возило од бившите југословенски републики , ние му даваме можност да увезе возило со ограниченост на староста, да не може во Македонија да се увезуваат секакви возила, со што би ја загрозиле личната безбедност на самиот возач и на сите учесници во сообраќајот. А тука се гледа и загрозувањето на еколошката состојба во Македонија. Сепак би требало да има разбирање меѓу пратениците и овој амандман да се поддржи.

VII/1.- СП/ВБ

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Имам едно конкретно прашање до предлагачот на амандманот, а еве во што се состои тоа. Мислам дека амандманот не е прецизен и прашањето гласи: Колку ќе се плаќа царина за возилата со старост над' 10 години, бидејќи како што стои во амандманот вели вака: за новоувезено возило е 3%, за возила со старост до 5 години 7%, за возила со старост до 10 години 15%, а вели за возила со старост над 10 години да не биде ослободено од царина, ако не е ослободено од царина треба да има одредена стапка по која ќе се плаќа.

Мислам, не е доволно прецизирана амандманот, а бидејќи тука е фактички дел од законот за царинска тарифа сместено плаќањето на царината на патнички автомобили, мислам дека треба да се прецизира и да се знае за што конкретно станува збор.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Видете, овие стапки што ги издвоив во овој амандман сигурно дека одев од таа гледна точка сепак да се заштитиме ние во Републиката од некои кршни возила. Да не го повторувам она што го кажав пред малку би бил конкретен на прашањето како ја разбирам оваа стапка на 10 години односно тоа го пропиша Владата 100% царина на пример кога би можело да се купи едно возило кое е старо до 10 години за 5 илјади ДМ веќе е ограничена стапката и човекот кој ќе го купи тоа возило со самото внесување ќе знае со данокот спрема државата и со оваа стапка на царината ќе знае колку ќе го чини тоа возило.

Ако едно возило од над 10 години го купува за 3.000 ДМ сигурно кога ќе плати 100% царина тогаш ќе му испадне кола по нова тарифа што ја купил понова од тие 10. Незнам колку сум јасен.

VII/2.-

Јас велам да не биде ослободено, ако имаме царина од 26% или 36% како што пропишува Владата тоа е стапката на Владата, а овде веќе ограничуваме по години. Незнам зошто<>не е јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (22)

Констатирам дека амандманот во членот 49 по став 1 да се додаде нов став 2 поднесен од пратеникот Борис Змејковски, не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на насловот пред член 53 поднесен од пратениците Иван Иванов и Теодосие Паунов.

Дали го повлекувате?

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Овој амандман е поднесен заради тоа што се однесува заправо три амандмани кои се однесуваат. Првиот се однесува на резен алат кој во земјата не се произведува, а се увезува, а прилично е скап и би требало да стои во членот 53 дека можат да се ослободат од царисnките давачки.

Исто така резервни делови за машини кои се увезени од странство за тековно одржување да бидат ослободени како и стоки односно репроматеријали, материјали, резервни делови и друго, тоа е наредниот амандман, да бидат ослободени кои се однесуваат за долгорочна кооперација. Имајќи предвид дека нашата индустрија некаде 50% работи, а 50% е скратено поради одвојување на југословенските републики од Југославија и затворање на пазарот во државите на бивша Југославија, како на некој начин оневозможување во останатите земји во странство

така што капацитетите работат со 50%, а за да капацитетите продолжат со полн капацитет да работата како би можел да се вовлече стран капитал односно да се инвестира во Република Македонија за трајни кооперативни односи, мислам дека е потребно да се ослободат од царински давачки.

Предлагам овие два амандмани да бидат изгласани, а третиот амандман се однесува за грешка таму вели за "увоз", а се работи за извоз. Мислам дека овој амандман ќе биде прифатен од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој) Има збор претставникот на Владата.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Поглавјето пред членот 53 гласи "Увоз на суровини, репродукциони материјали, погонско гориво и друг помошен материјал". Видете, ова е општа категорија и не е можно да се редат поединечни производи, туку сите производи кои влегуваат во оваа категорија. Алатот ситниот инвентар и резервните делови не влегуваат, тука да сме на чисто или не сме сакале или не прифаќаме да влезат како категории, а уште помалку како поединечни предмети. Алат, резан алат итн.

За долгорочното производство и кооперација е внесено во ставот 2, значи тоа е решено во членот 53 додека за зборот "увоз" сме прифатиле друг амандман каде Владата прифати и тоа е коригирано се работи за извоз.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот пред членот 53 поднесен од пратениците Иван Иванов и Теодосие Паунов.

Отворам претрес по амандманот на членот 53 став 1 со бришење на точка 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман на ставот 1, членот 53.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој, бара збор?

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи министерот не даде образложение зошто не го прифаќаат амандманот, ќе дадам образложение зошто го предлагам.

Во членот 53 се утврдува право на ослободување од плаќање царина за увоз на суровини и репродукционен материјал, погонско гориво и друг помошен материјал и тоа кога се исполнети следните услови.

Според точка 1 кога увезените стоки во целост се употребуваат за производство на стоки за извоз.

Под точка 2 вредноста на извезените стоки да е поголема од вредноста на увезените стоки најмалку за 30% и

Под 3 наплатата на извезените стоки да се врши во конвертибилна валута.

Оваа определба постоеше и до сега во Законот за царини и сметам дека претставува едно административно ограничување во поглед на точка 2 според која ако веќе увозот е врзан за извоз да не мора да се определува лицата кои увезуваат стоки за да ги извезуваат во целост, бидејќи тоа мораат да го исполнат како услов за да не платата царина, не мора да бидат со административна мерка задолжени, вредноста на извезените стоки да биде поголема за 30%. Затоа сметам дека претставува едно административно ограничување кое во време кога се надеваме на странски вложувања, создава услови од една страна фиктивно се прикажува можеби вредноста на извезените стоки за 30% поголеми за да оние кои увезуваат, а извезуваат да бидат ослободени од плаќаше на царина.

Понатаму, во услови кога платниот промет со странство не ни функционира, -прашање е како третата точка се исполнува на- платата на извезените стоки да се врши во конвертибилна валута и сметам дека предложената точка 2 има само односно ефектот и се гледг само еднократно, а не се гледаат индиректните ефекти од предложениот амандман во смисла точката 2, според која вредноста на извезените стоки да е поголема од вредноста на увезените стоки најмалку за 30% да не постои како административно ограничување кое ќе ги условува оние правни лица кои, ако сакаат да увезат стока заради извоз да мора вредноста на извезената стока да ја прикаже за 30% повеќе. Ефектите ќе бидат повеќестрани ако ние го отфрлиме ваквото ограничување по точка 2 предложена во Законот, бидејќи на ваков начин можеме и да ја стимулираме странски вложувања, а оној кој ќе вложи странски влог во

правно лице во Републиката не мора извезената стока за сметка на увезената, вредноста да му биде 30% поголема и ако тоа не го исполнува да му го ускратиме тоа право, пред се, заради тоа што тоа лице кое ќе вложи странски влог ефектите што ќе ги предизвика ќе бидат повеќестрани, ќе може да се овозможи вработување на невработени лица, се решаваат социјални случаеви, а и вредноста на извезената стока може фиктивно да биде зголемена за 30%, што за мене е чисто бирократска мерка.

Од овие причини предлагам точката 2 според која вредноста на извезените стоки да е поголема од вредноста на увезените стоки најмалку за 30% да се брише, а точката 3 да стане точка 2. Впрочем Републиката е повторно заштитена затоа што генералното право на ослободување од плаќање царина е задржано, се почитува со точката 1 според која увезените стоки, ако во целост се употребуваат за извоз, независно каква е вредноста на извезените стоки, ќе бидат ослободени од плаќање на царина.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Господинот Тодор Петров е член на Комисијата за финансирање и буџет па многу работи јас како претставник на Владата и таму често пати ги расправаме и оттаму мојот мотив многу да не дискутирам затоа што тој ме слушнал, меѓутоа, сака сега да ме слуша пред сите.

Членот 53 и ослободува од царина увозниците за увоз на репроматеријали, суровини и други помошни материјали доколку ќе се користат во производство кое ќе се извезува. Меѓутоа, во точката 2 е ставен услов барем вредноста на извозот да биде најмалку 30% поголема, тој нема да прави трговија. Видете, извозот не е априори добра работа. Може некој со увезени стоки од 100 долари да направи извоз од 5 долари, па државата да има таков увоз. Таков увоз не треба

да стимулираме, дури ова беше 50% од вредноста на извозот да биде услов за да се користи ова право, меѓутоа, од јавната расправа по Законот отидовме на 30%. Под претпоставка дека е процес на производство и дека треба да се трошат вредности и материјали од домашно производство, да се внесе инпут работна рака така што во никој случај не ќе може практично да дозволиме дури и помала вредност да излезе од она што увезол, а ние да го ослободиме од царина. Мислам дека тоа не е прифатливо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака ? (10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 53 став 1 за бришење на точка 2, поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 1 поднесен од пратеникот Симеон Иванов.

Пратеникот Симеон Иванов го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 поднесен од пратениците Иван Иванов и Тодосие Паунов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман, а за тоа образложение стана збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа. Амандманот се однесува на увоз на стоки заради овозможување на извоз и заради тоа бараме да се додаде тоа.

Третиот амандман што ќе дојде на ред, или бил на ред, се работи за зборот "увоз" а треба да стои "извоз". Јас тоа не го добив тоа е објаснувањето и би требало да се прифати заради стопанството оти нема никаква штета да се направи само ќе има корист и ќе има повеќе девизи. Министерот рече дека се однесува за помошен алат, не се однесува на тоа, туку на резан алат, меѓутоа не сака да објаснува , но и така нема да се прифати иако беше во интерес да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на членот 53 поднесен од пратениците Иван Иванов и Тодосие Паунов.

Отворам претрес по амандманот на членот 53 поднесен од пратениците Иван Иванов и Тодосие Паунов.

Вие тоа го прифаќате. Значи прифатен е вашиот трет амандман.

VIII/1 /сс/см

**СТОЈАН АНДОВ** : (Продолжение)

Вашиот трет амандман Господине Паунов е прифатен и станува составен дел на текстот на законот. Не раправаме по него.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов наслов по член 53 за додавање нов член 53-а поднесен од пратеникот Иван Иванов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа предложениот амандман. Образложенијата се дадени бидејќи е сличен на другите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (Не).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот. Амандманот го ставам на гласање. Кој е за, молам да крене рака.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за додавање нов наслов по членот 53 за додавање нов член 53-а поднесен од пратеникот Иван Иванов . Никој не гласаше за.

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 1 и 2 под- несен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Не се прифаќа предложениот амандман на член 55.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

Господин Петров го повлекува амандманот. Да знаеме дека е повлечен.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот на членот 55 став 1 го повлекувам, иако претходно со министерот во Комисијата за буџет имаше некои други, поинакви размислувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 56, став 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Јован Манчевски и Кирил Ковачевски. Молам, кој бара збор.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Се извинувам што не го слушнав претседателот, меѓутоа за овој член 56, почитувани пратеници, сакам да го изнесам своето мислење.

Размислувајќи за овој член, постојано ми беше една мисла изречена пред повеќе векови, која гласи "Никогаш не може да се има доверба во власт со преголеми овластувања". Може да се каже дека и мојата забелешка на овој член, односно првиот став од членот 56 е во таа смисла.

Во тој член се дозволува Владата да може, независно од Собранието да зголемува, намалува или укинува одредени царински стапки пропишани со овој закон Мислам дока тоа е недозволено за законски проект од такво значење од повеќе причини:

Прво, тука извршната власт се меша во ингеренциите на законодавната власт без никакво ограничување, било временско, било кое друго.

Второ, овој член, со овој член се дерогира голем дел од Законот и токму оној најважниот што го регулира делот на царинските стапки, што

пак не е дозволено ако нема никакви други ограничувања.

Трето, законот се донесува за заштита на државата, но и за заштита на стопанските субјекти, односно граѓаните, а тие треба да имаат одредена сигурност во законската регулатива.

Сигурно дека не може некој преку ноќ да ги менува правилата. Токму затоа не држи образложението од Владата за неприфаќање на овој амандман дека со таквата одредба ќе се штити стопанството во одредени прилики и ситуации и ќе реагира промтно во негов интерес. Зошто и е стопанството интересите се испреплетуваат и тоа што за некого е олеснување за друг е товар или неповолно. А, токму заради тие стопански субјекти законот треба да биде дециден и јасно дефиниран како би знаеле однапред што ги чека. Тука законот е недефиниран и е прилагоден на дневната политика која не гарантира никаква сигурност на стопанските субјекти.

Затоа го молам министерот уште еднаш да размисли и го прифати овој амандман. Доколку не, ги молам пратениците да ја исправат грешката што ја прави Владата гласајќи за овој амандман.

Доколку остане членот 56 како што е, целиот закон се сведува на обичен владин пропис и нема потреба од донесување на овој закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата има писмено мислење во врска со овој амандман. Сакам пратениците да ги потсетам и на излагањето на претседателот на Собранието, пред некој ден, кој се осврна и на ова прашање, тој образложи, мислам дека и Владата. Во законот, во членот 56 е децидно наведено дека тоа право не е баш неограничено дадено на Владата, туку дури има и квантификации во кои услови, кога би дошло до нарушување

на светскиот односно домашниот пазар, може Владата да интервенира и тоа итно, во ограничено време.

Според тоа, треба да настапат вакви околности, треба Владата на ограничено време да ги преземе тие мерки. Меѓутоа, самите сме сведоци во времето во кое живееме какви промени настанаа и кои можеше да ги предвиди, а постапката за измена на законите во Собранието како тече. Според тоа, мислам дека е сосема оправдан членот 56 да остане, а Владата како таква е одговорна, во услови на такви нарушувања брзо, ефикасно и соодветно рационално да делува за да не дојде до штети, со несовладливи последици по граѓаните, стопанството итн. Мислам дека не се работи за онаа состојба за која некој филозоф рекол одамна дека не смее да се верува. И јас во начело не сум за тоа, но во овој случај тој пример не се однесува на таа филозофија.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, сакам со внимание да ги ислушате моите аргументи околу поднесениот амандман затоа што на ова Собрание му се случува некои закони што ги донесува уставниот суд да ги прогласува односно одредбите да ги прогласува дека се антиуставни, не се во согласност со Уставот.

Ако се појде од членот 1 од Предлогот на законот за царините што го дефинира самиот закон, односно правата и обврските на сите субјекти што се разработени во понатамошните членови од Законот, предложениот амандман на членот 56, став 1 од наша страна е во функција на зачувување на целата концепција на предложениот закон, односно зачувување на надлежноста на ова Собрание, како законодавна власт во државата Република Македонија да донесува закони.

Имено, за што станува збор? Со предложениот текст од страна на предлагачот, во овој случај Владата на Република Македонија, без разлика што министерот за финансии се обиде пред малку овде, пред вас, почитувани пратеници да го негира тоа, се мешаат токму надлежностите на законодавната и извршната власт. Зборовите, цитирам "може важечките царински стапки да ги зголеми односно да ги намали или укине" и даваат на Владата неограничено овластување тоа и да го стори, без разлика на веќе вградените критериуми во членовите што го третираат начинот на определување на одредени царински стапки во овој закон и во идниот закон што треба да се донесе, односно Законот за царинските тарифи.

Така, одредбите во членот 49, во кои под одредени услови се царинат стоки наменети за сопственото домаќинство од наши странски државјани каде е одредена стапка од 15%, со одредбата од член 56 став 1 Владата си зема за право со свој пропис на некој начин да ги поништува одредбите на ставките од овој закон, затоа што стапката 0 и ослободувањето од царините е стапка 0. Со што, целиот закон го прави беспредметен односно го сведува, како што кажа со подносителот д-р Јован Манчевски дека се сведува и овој закон и идниот закон што треба да се донесе, се сведува на еден обичен владин пропис.

Би продолжил за истиот член 4 9 став 4, каде на Владата и е дадено правото да ја пропише вредноста на стоките за единствена царинска стапка. Значи, тоа право го има Владата во членот 49 став 4.

Ако ова Собрание и дозволи на Владата право да ги зголемува намалува или укинува царинските стапки чии рамки ги утврдува и овој

закон и оној идниот., како што кажав кои се однесуваат во овој закон и на повластиците, односно ослободувањето од царина, исто така ќе кажам уште еднаш дека овој закон станува беспредметен.

Јас како пример ќе наведам во членот 55, во кој се третираат пресенцијалните царински стапки за увоз од земјите во развој, како што е таму наведено, дали е соодветно не навлегувам, за кое нешто се зборуваше и во општиот претрес по овој закон. Но, во став 3 се предвидува Владата да ги пропише овие царински стапки, врз основа на критериумите од ставот 2 на истиот член. Значи, такви овластувања на Владата и се дадени.

Значи, ако пак членот 56 го изгласаме вака како што е предложен од Владата, односно со правото на зголемување, намалување или укинување на царинските стапки како генерално право на Владата, излегува дека овој член е непотребен, непотребно е внесен во овој закон.

Во членот 52 се третира начинот на пропишување критериуми за царинските контингенти, за што стана збор во општиот претрес по овој закон, кои можат да се ослободат од плаќање на царина или пак да се одреди пониска царинска стапка. Тоа право, исто така, со овој член 52 е дадено на Владата, односно на Комисијата што ја формира министерот за финансии.

Без разлика ќе речам за оваа одредба, на досегашните царински махинации со царинските контингенти, односно одобрување контингенти за увоз на месо, а се увезува жива стока, децидно ќе кажам дека не гледам друг начин за пропошување критериуми за царинските контингенти односно начин за брзо реагирање во нарушување на пазарот. Што значи и во оваа област, да повторам уште еднаш се дадени овластувања на Владата со овој закон.

Затоа ме чуди инсистирањето одредбата од членот 5 6 став 1 да добие, Владата би- рекол и екстра овластувања-

Ние, предлагачите на амандманот тие екстра овластувања на Владата сакаме да ги ставиме во рамките на пропишаните критериум во глобала предвидени со овој закон. Затоа предлагаме ова Собрание да го усвои предложениот амандман со кој се бришат зборовите "може важечките царински стапки да ги зголеми односно намали или да ги укине". И, буквата "а". Се мисли на Владата, дека Владата ќе има такво право ако и го дозволиме, односно ако остане членот како што

предложен од Владата.

Ќе повторам уште еднаш, ако оваа одредба остане вака како што е предложена од Владата, мислам дека ќе го направи беспредметно донесувањето на Законот за царинските тарифи, што треба исто така ова Собрание согласно на членот 35 исто така од овој закон, да го донесе како законодавна власт, односно во тој закон за царински тарифи треба да стојат одредени стапки и висината на тие стапки. А Владата во секое време ќе има право со пропис тие ставки да ги намали, на големи или укине. Што значи дека тој закон исто така ќе го деградираме, односно ќе го сведеме на еден закон кој нема важност, како што ќе има важност прописот што го донела Владата. Каде е тука законодавната и извршната власт?

И, на крајот да повторам, господа пратеници, ако ова Собрание односно пратениците во ова Собрание не го усвојат амандманот предложен од наша страна, се надевам дека ќе реагираме и до Уставниот суд на Република Македонија.

VIII/8

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сосема на кратко ќе го кажам моето мислење по овој амандман.

Прво, го прифаќам амандманот поднесен од господинот Манчевски и го прифаќам образложението што го поднесе господинот Манчевски, меѓутоа нема да гласам за амандманот од следниве причини:

Поради образложението што го даде по повод општата расправа господинот претседател кое нема да го повторам, со кое се согласувам, поради тоа што правото на Владата да ги пропишува стапките, ексклузивното право е ограничено и не е апсолутно право и е ограничено под условите 1 и 2. дадени во предлогот на законот и поради тоа што мислам дека до донесувањето на Законот за царинската тарифа од страна на ова Собрание, а во услови кога сеуште важи старата југословенска тарифа, треба Владата да има можност и врз основа на тоа да пропишува, врз основа на овој член, соодветни по- инакви стапки. На пр. една од причините е како расправавме во врска со увозот на возила/га.

Исто така, по повод гласањето на овој закон, со овој член од моја страна, јас лично се обврзувам дека по 6 месеци или по 1 година ќе барам извештај за спроведувањето на членот 56 од страна на Владата и тогаш повторно ќе го кажам моето мислење за тоа како овој закон треба или не треба да се спроведува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе кажам нешто по овој амандман.

Ова е важен амандман и добро е материјата во членот 56 што е многу значајна и треба да се разјасниме што можеме повеќе, не со гневните недоверби кои би ги имале ние спрема Владата и некои грешки што и Собранието и Владата ги направија во минатиот состав на

Владата кога со еден закон глобално ја овласти Владата да преземе мерки кои се инаку во надлежност на Собранието, туку да видиме за која суштина овде се работи.

Ако оваа одредба стои, а таа е вообичаена одредба што ГАТ ја признава, тогаш ако дојде до нагли нарушувања на светскиот пазар да нанесат огромни тешкотии на некои гранки, да кажеме оваков случај, нагло паѓа цената на шеќерот, а во текот на годината ние сме произвеле шеќер под одредени трошоци. Тогаш, не може со заштитна царина да интервенира Законот, со закон, затоа што со закон да се интервенира треба да се даде и пријава на ГАТ и да се објаснува. Но, ГАТ вели - во таков случај вие сте имале можност да се обезбедите затоа што е привремено тоа со одредба во закон што треба да ја имате, а не сте ја имале, да можете да се заштитите. Затоа тие нарушувања што се повремени, се признати од ГАТ како состојби што поединечно настапуваат, можат да погодуваат поедини групи, поедини производи и тогаш секоја Влада е овластена да презема одредени заштитни мерки. Дури и обратно може да се случи. Нагло да скокне, даречеме цената на шеќерот или цената на виното или незнам што. Во таков случај Владата има право да ја симне царината, но не ја регистрира во ГАТ како ставка затоа што ако е во царинската тарифа, закон за царинска тарифа мора да се регистрира во ГАТ како ставка.

И, оттаму ако ова не го направиме,,фактички земјата ќе ја изложиме на поедини точки, кај чувствителни производи, бидејќи берзански производи доаѓаат, нагли нарушувања и тогаш ние не ќе можеме да се послужиме со инструмент што инаку ГАТ го признава. Затоа овој член е за таа цел. Ако овој член Владата го употребува со генерални промени на нашата тарифа, кога ќе биде пријавена, јас ве

молам, не само Уставниот суд и ова Собрание туку дури и ГАТ ќе преземе казнени мерки против државата што тоа го прави

IX/1 јм/вц

**СТОЈАН АНДОВ**: (продолжение)

Тие се многу сериозни работи и со тоа нема игра. Со овој закон ние и оној закон за царинските тарифи ќе влеземе во една поширока шема каде мораме да ги прифатиме сите тие правила што се таму. И затоа ви сугерирам, јас така го разбирам овој случај ние не треба на земјата да и ги врземе рацете, ако случајно токму на оваа Влада не и веруваме. На тој начин ние на земјата би и ги врзале рацете. Утре ќе имаме Влада да launched речеме на која еве, вие повеќе ќе и верувате. Тоа мора да биде инструмент кој е вообичаен и кој треба нам да ни биде достапен.

Дали некој друг бара збор?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, јас објаснувањето од претседателот на Собранието потполно го разбирам и мислам дека една одредба ограничена заради критериумите и причините кои ги наведе претседателот на Собранието токму би требало и би можело да се внесе во Законот за царинската тарифа. Но, мислам дека во овој закон кој е основен закон се работи за мешање на ингеренциите на Собранието, односно на законодавната власт и за извршната власт, односно Владата. Затоа што мене ме интересира чисто од аспект на мешање на ингеренциите, член 56, односно одредбите на овој член 56 став 1, затоа што со една ваква генерална одредба ние не можеме овде да бидеме некои кои ќе предвидиме дали Владата ќе го злоупотреби генерално, или нема да го злоупотреби генерално. Во законите нема претпоставки, тие се носат такви како што се носат, а претпоставки односно критериумите после понатаму се разработуваат, дали се постапува по законот, или не се постапува по законот. Во тоа е основата. Инаку што се однесува до предлагачот јас морам да го потсетам господинот Никола Поповски дека

еден од предлагачите на овој амандман сум и јас како пратеник Стоиле Стојков. Сигурно господинот пратеник не го има прочитано амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само напоменувам оваа клаузула не смее да биде во Законот за царинска тарифа. Само овде може да биде, ако биде, а ако сакаме да се одречеме, може, само тогаш нема никој да не сфати.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, аргументите што тука се изнесуваат во одбрана на формулацијата на членот мора да се респектираат. Меѓутоа, мора исто така да се респектираат и аргументите што се изнесуваат од формално - правен, од правен аспект. За мене како што јас го читам членот овој од правен аспект е проблематичен, а проблематичноста негова освен другото произлегува и од формулацијата на вториот дел на став 1 од член 56 кој што вика дека важечките царински стапки можат да се зголемат, да се намалат, па и да се укинат. Ако се има предвид фактот дека царинските стапки се определуваат со законот за царинската тарифа, тоа значи дека Владата со подзаконски акт суспендира примена на еден закон. Ако строго формално правно ги посматраме работите. Тоа е првиот проблематичен случај за мене, барем така ми се поставува. Јас затоа ги повикувам претставниците на Владата да размислат околу оваа работа да ги намали или зголеми не се ограничени, нема никакво ограничување во поглед на намалувањето и зголемувањето. Ако би било можно да се одбегне терминот да ги укине, па намалувањето и зголемувањето да се ограничи со процент. Јас молам луѓето што се занимаваат со оваа работа добро да ме следат, па да се ограничи како што е ограничено за стоките од царинската тарифа каде што е предвидено слободно, таму имаме 15%, а во првиот дел тука нема никакви ограничувања, барем така го читам. Јас би молел ако некој го

чита поинаку нека ми каже, јас ќе го сменам мислењето. Оттука бидејќи два пати тука е употребен зборот, прво може важечките царински стапки, па после става запирка, а стоките од царинска тарифа предвидена стапка слободно може да определи стапка од 15%.Ваму значи може и 100% може и 0%, може и да укине итн. Мислам дека ако направиме еден дополнителен напор со една преформулација, сепак тука се потребни луѓе кои што ги разбираат овие работи, мислам да се одбегне опасноста од оспорување на неговата уставност, на уставноста на одредбата. Јас не тврдам дека е таа неуставна, уставна итн., само изразувам сомневање, сопствено сомневање, дека би можело, да се постави прашањето на усогласеноста на оваа одредба со Уставот на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 56 став 1 поднесен од пратениците Стоиле Стојков, Јован Манчевски и Кирил Ковачев.

Отворам претрес по амандманот на член 56 став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Суштината на овој амандман се состои во тоа во членот 56 на крај да се отстрани точката, а најмногу да се додадат зборовите "а најмногу за шест месеци за што се известува Собранието на Комисијата за

финансирање и буџет се расправаше и може да се прифати амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Тогаш е составен дел на текстот. Немаме расправа.

Отворам претрес по амандманот на член 153 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се прифаќа. Станува составен дел на текстот.

Отворам претрес по амандманот на член 206 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Се прифаќа..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 232 за додавање нов став 2-а поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 232 за додавање нов став 2-а поднесен од пратеникот Симон Наумовски.

Отворам претрес по амандманот на член 311 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

После дополнителните консултации извршени со правниците Владата не го прифаќа овој амандман и треба да стои правно така како што е во текстот на Предлогот на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 311 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (81)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (2)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за царини.

Ова е прв системски закон и навистина треба да го поздравиме со аплауз. (аплауз).

Имам една дамолница, нашите пратеници од исламска вероисповест со семејствата си слават. Денес еднократно да работиме и да завршиме нешто порано.

Дали се согласувате да работиме до 16,00 часот. (се согласуваат)

Минуваме на **точката 55** - Предлог на закон за помилување.

Предлогот на овој закон и извештаите на Законодавно- правната комисија и Комисијата за внатрешна политика и општонародна одбрана ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на насловот а пратеникот Тодор Петров поднесе амандман на член 5 став 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот, односно Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 8 став 1, а пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на член 1, член 2, став 2, член 7 став 1 и на член 11, а пратеникот Агим Фазлиу поднесе амандман на член 8 став 1 со кои не се согласил претставникот на Владата.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 8 за бришење на став 1 и на став 2 и 3 и на член 12 и за додавање на нов став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

IX/7

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Амандманот на членот 1 се однесува: овластувањата на претседателот на Републиката за помилување да се однесува само за најмногу една третина од изречената казна, затоа што во спротивно ако имаме генерално овластуваше претседателот на државата да може целосно да ги ослободува од извршување казна лицата кои што се осудени за кривични дела предвидени со законите на Република Македонија, ние фактички го диригираме правосудниот систем и ги суспендираме правосилните пресуди на судовите. Во таа смисла сметам дека е оправдано да се прифати амандманот според кој помилувањето кое што ќе го дава претседателот на државата за осудените лица за кривични дела да биде најмногу за една третина од изречената правосилна пресуда, односно казна.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе почитувани пратеници. Амандманот Владата не го прифаќа од причини што самиот закон ја уредува,

Законот за помилувања ја уредува постапката, учеството на органите во претходната постапка, правата и обврските и некои други прашања. Што се однесува до амандманот предложениот на став 2 можеме да кажеме дека помилувањето како материјален закон го уредува членот 102 од Кривичниот закон на Република Македонија општ и посебен дел. Доколку се застане на становиште дека овластувањето за помилување треба да се движи до една третина од казната. Друго е прашањето дали од изречената казна што претставува корекција на судската одлука, или од извршувањето на изречената казна тоа прашање ќе се уреди при донесувањето на кривичниот закон на Република Македонија, поточно во членот 102 од Кривичниот закон општ и посебен дел. Оттука сметаме дека ваквата одредба во законот за

помилување материјална одредба не може да стои, тоа може да стои во Кривичниот закон на Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, јас образложението на министерот Туше Гошев го прифаќам и ќе се обидам во таа смисла да додадам уште една околност која е битна при помилувањето, тоа е правото на државата во одредени услови и за одредени извршители на кривични дела да се помилуваат. Значи, се дава милост. Тоа своевремено е дадено на суверенот на државата, сега се дава на шефот на државата, или во некои држави на Собранието односно на Парламентот. Ограничувањето ако стои до одредена висина ќе може да се дава помилување, ќе се замени, и ќе се навлезе во друга институција таму каде што има вонредно ублажување на казна каде е предвидено дека со протек на одредено време по издржување на казната ќе може да се даде таа казна да биде намалена за одреден временски период. И да не би настанала колизија меѓу овие две правни институции, јас би предложил во овој дел да не расправаме по амандманот и би го советувал колегата Петров ако има уверување дека никаде во светот вакво ограничување не е предвидено и не би сакале ние да правиме експерименти, па да ограничуваме помилувањето на првиот човек, односно овде сега доаѓа и до претседателот на Собранието. По Уставот е одреден претседателот на Републиката кој во наредниот созив ќе треба да биде избран непосредно и ќе има мандат од избирачкото тело и ова право ќе може да го користи како шеф на држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 2, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор?

X/1.- CJ-ВБ

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Неприфатлив е амандманот за проширување на кругот на овластените лица за поднесување на молба во корист на осуденото лице. Внесувањето на зборовите или друга заинтересирана странка како што се предлага со амандманот би ја изгубило смислата воопшто на постапката за помилување поведувана од лица од кои што имаат правен интерес за помилување на казната. Или друга применета правна мерка, тоа би значело дека секој за секого би можел да поднесе молба за помилување. Колку што е познато во светот такви решенија нема, а и тоа е спротивно на процесните закони, а тоа е Законот за кривична постапка каде го ограничува бројот на субјектите кои можат да поднесат правни лекови во интерес на странката.

Оттука предлагаме амандманот да биде одбиен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (2)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, став 2 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 7 став 1 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за бришеше на став 1 и на став 2 и 3 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Молам претставникот на Владата да се произнесе

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот и господинот Томе Стојановски загатна нешто во врска со дефинирањето на институтот помилување па сакам и јас во таа смисла да кажам неколку зборови.

Помилувањето во својата суштина е државно - правен акт чија смисла и функција се огледа во тоа што преку прострувањето по пат на помилување се постигнуваат одредени специфични државно - правни цели. Исто така се очекува да се отстранат одредени криминално. политички пенолашко - социјализирачки ефекти на планот на специјалната и генералната превенција за надминување на криминалитетот.

Од друга страна во исто време можеме да кажеме дека помилувањето е кривично - правен институт со оглед на тоа што со опростувањето по пат на помилување се врши корекција на изречената казна и на други санкции и на нивното извршување уредени во кривичното законодавство. Со тоа се обезбедува поголема контрола на кривично- правниот законодавец во какви димензии се допира во законското уредување на кривично - правната материја на одредување на должината на кривичната санкција. Па, во таа смисла сметаме дека аболицијата како законски установен кривично - правен инструментариум преку соодветна одлука од надлежен државен орган во соодветна постапка утврдена со законот. Исфрлувањето на јавниот обвинител за да го каже мислењето во постапката на утврдувањето на помилувањето сметаме дека е непримерно и дека овој закон не ја уредува таа материја, доколку се постави прашањето дека во помилувањето не се одлучува по

правни критериуми туку се одлучува врз основа на природата од социјална здравствена, социјална економска, лични и семејни ресоцијализирачки и други фактори од тој вид сметаме дека нема никаков страв јавниот обвинител да ја каже само легитимитетот на постапката а стварното мислење дали некој треба да биде помилуван или не, тоа согласно на членот 84 алинеја 10 од Уставот на РМ ќе го каже претседателот на државата.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас морам да кажам дека не сум правник, меѓутоа некое мое видување од професијата што ја обавувам сакам да укажам ,па дали ќе биде тоа компетентно или не за тоа вие ќе одлучите како пратеници. Мојот амандман се однесува на член 8 од предлог законот за помилување посебно на став 1 од овој член, а се работи за следното. Член 8 став 1 во понудениот закон се разбира од Владата гласи:"судод молбата за помилување по прибавено мислење од јавниот обвинител и со образложено мислење за оправданоста на молбата на кривичниот Совет што одлучува вон главен претрес ја доставува до Министерство за правосудство и управа" и продолжува понатаму со став 2 и 3. Мојот амандман со мал исклучок го бише ставот 1 од член 8 . Истиот практично гласи: "судот пред да ја достави молбата за помилување до Министерството за правосудство и управа ги проверува фактите и околностите важни за решавање на кој се повикува подносителот во молбата и извештајот за тоа го приложува кон молбата. Понатаму останува ставот 3 и гласи: "во постапката за помилување судот и другите надлежни органи можат да собираат податоци и известувања потребни за решавање по молбата и од другите органи и институции". За мене на ваков начин се оневозможува облигационото право, а тоа значи неодминлива обврска Јавното обвинителство за секој случај да дава

мислење за помилување, а ќе се овозможи факултативно со таа можност на судијата, а сите субјекти ќе бидат рамноправни во можноста за давање некакво мислење. Лично сметам без разлика што јавниот обвинител е државен орган има посебен легалитет во псотапката неговото учество за мене е предоминантно во фазата на обвинувања се до конечната пресуда, а во втората фаза која треба да се почитува, системот на превоспитување, мислам дека е илузорно јавниот обвинител да има облигационо право во постапката за помилување.

Јас ја консултирав пенолошката теорија посебно, посебно пенологијата од д-р проф. Љупчо Арнаудовски дојдов до сознание дека при извршувањето на казна затвор многу повеќе учествуваат субјектите кој во својата дејност обезбедуваат ресоцијализација и реинтеграција како што се КПН Центар за социјална работа, медицинска институција па и од поединци вклучувајќи го тука и судот како негова државна обврска отколку обвинителство која не ја следи состојбата на рационализација или помалку ја следи.

Со понудениот член 8 од Владата за мене непотребно се дуплира работата на двата државни органи и обвинителство кое има задача да гони и обвинува, а судот да ја докажува вината и вистината.

На крај,без разлика што мислењето на Јавниот обвинител не е обврзувачка, сепак може многу негативно да се одрази на конечната одлука, а по некоја логика заради факултативноста да отпадне многу важен извештај од најкомпетентната институција при утврдување на податоците кои што се поместени во молбеното барање на поднесокот.

Сепак ова напред во позитивна смисла го обезбедува мојот амандман и сите активни и помошни субјекти се ставаат во иста положба па дури и обезбедува заштита на индивидуалното граѓанско право. Во таа смисла ве молам да го прифатите мојот амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Законодавно правната комисија има свој амандман поднесен на член 8 токму и на овие околности. Господа, сакам да ве запознам со една практична работа. Зошто овде застанавме јавниот обвинител и првостепениот суд да не учествуваат во работа околу молбата за помилување? По изрекување на пресудата од првостепениот суд една од странките во постапката е и јавниот обвинител. Ако остане незадоволен ќе може да вложи жалба, ако не по други основи ако обвинетиот биде осуден, сама по основ на изречената висина на казната. Ако обвинетиот изјави не по друг основ, само по основ на изречената казна во второстепената постапка и таму учествува јавниот обвинител. И, што бива? Двете жалби одат пред второстепениот суд. Второстепениот суд уважувајќи ја жалбата на јавниот обвинител ја зголемува казната на осудениот сега веќе така ќе кажам. и,што бива? Доаѓа молбата за помилување и веднаш од тој исти обвинител кој се жалел на казната, ќе се бара негово мислење, дали ќе има основи за помилува$>е. Помилувањето рековме дека е институција и право на шефот на државата или на Парламентот, нека тие одлучуваат без мислење на они кои учествувале во донесување на одлуката за казнување.

Ние треба да направиме прво разлика меѓу две работи. Учество во утврдување на фактичката положба околу вината на осудениот околу применат ана законот и на крај околу одлуката за казна. Во овој случај најдемократски ќе биде ако оној кој одлучува за помилување го нема мислењето на оној што ја изрекол казната. Значи, ќе остане што? Да се почитува примената на законот, материјалниот закон, да се почитува фактичката положба, да се почитува мислењето на судот по однос на вината и на крај да остане само да се одлучи  дали оваа казна и што

рече министерот во одредени услови се врши исправка и помилувањето ќе има и политички карактер. Ние ќе можеме да осудиме некои за кривично дело кое во одреден момент носи штета за државата, меѓутоа меѓународните околности наложуваат подраги однесувања да нема друг институт со кој ќе се замени казната, доаѓа со институтот помилување, затоа што другите институти не можат целосно да ја намалат казната од извршување.

Затоа сакам да кажам нека Собранието прифати само текстот кој би гласел: "Судот молбата за помилување ја доставува до Министерството за правосудство и управа", ќе значи зашто ова, ќе ве праша некој што ова во судот проследува , оној кој ќе одлучува за помилувањето ќе мора да го има во предвид, поправо на увид предметот за кој се изрекувала казната, што тој човек кој бара помилување што бил, каков третман имал, дали порано бил осудуван, не осудуван, кој се тие дела, за што се, како се, дали се работи за повратник или не се работи за, дали се делата слични од иста област или не се. Па, овде. обвинителот и судот што би ги изрекле казните тие ќе се задржуваат само за она што тие го изрекле бидејќи ќе се занимаваат и загибат во она што е утврдено во предметот. Па според тоа, зошто е сега мислење на овие што фактички тие не можат и да го променуваат.

Што е понатаму? Имам уште едно. Дали сега не се поставува прашање за достоинството односно за она суетата што ја изрекол одлуката. Јас ако на овој човек му изреков, му дадов 10 години сега треба да напишам друг акт со кој ќе кажам вчера беше пресудата 10 години, сега нема , има место да ја нема казната. Нема логика во работата. Порано од каде е земен преписот имаше државното уредување и во Уставот така беше државата имаше интерес дека преку

учеството на јавниот обвинител и судот се врши тотална контрола по постапката за било која сфера на одлучување и по правото на човекот. Овде видете што, овде не е токму право туку е обврска во однос на казната. казната не е право на некој да му се изрече, казната е казна, меѓутоа како имаме место да му се намалува или да му се опростува тогаш неговото право е во барањето , а не да ја нема казната. И затоа нека оној кој ќе остварува право нека биде слободен, во тоа е и смислата на оваа одредба да се вака само проследи.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Јас уште на почетокот реков дека помилувањето покрај што е државно правен акт тој е практично и кривично правен институт каде што се врши корекција на изречените санкции или ослободување од кривично гонење, па оттука ако го бришеме јавниот обвинител да не може да го каже своето мислење во врска со легалитетот на постапката за помилување тогаш го нарушуваме основниот принцип, а тоа е аудијаторе талтерапарси или контрадикторноста на постапката каде во разноличието на видувањето на постапката да може да се донесе и правилна одлука. Јас уште на почетокот реков дека помилувањето, критериумите на помилувањето не се од правна природа, од правни критериуми туку тие с е засновани врз основа на социјалната положба на оној кој се моли . Тие се засновани врз здравствената состојба, социјално економската, личните и семејните и ресоцијализачките и другите фактори од тој вид.

Исто така да го кажам и тоа дека во претходната постапка во давањето на мислењата не станува збор аз некој мериторно мислење кое претседателот на Републиката ќе го почитува како правен критериум

туку тоа може да има влијание врз легалитетот, почитувањето на постапката на законот кој ја предвидува во кажувањето на мислењето. Никако да се мери по правните критериуми кој ги предвидува кривичниот закон за помилувањето. Па оттука сметам дека доколку го бришеме јавниот обвинител ја нарушуваме контрадикторноста на постапка во спроведување на постапката за помилување и сметам дека јавниот обвинител во таа постапка сепак треба да остане со давањето на своето мислење во врска со спроведувањето на самата постапка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас досега реков дека имам согласност со министерот, меѓутоа во овој момент на одредено негово излагање немам согласност. Со молбата за помилување не се врши корекција на казната. Корекција на казната се врши со жалбите. Тоа е редовна постапка, а овде ајс еве кажувам не се работи за правен лек тука се работи за молба и таму е во прашање милост на институтот кој овде се определува претседателот што треба да ја направи према осудениот. Нема контрадикторно нема ништо. Овде осудениот се јавува, тој има друго име, осуден е контрадикцијата постои само до моментот до кога немаме осуден. Штом ќе имаме осуден тогаш доаѓаат вонредни мерки, а тоа е сега молбата за помилување и тој практично се јавува со барање за милост. Навистина условите кој доведуваат до таа милост биде така да речам услишена се пропишуваат со законот, меѓутоа тоа е само последица на барањето на еден, на осудениот и добро би било кога за осуден по мое широк сфаќање може секој да се обрати до првиот човек да побара милост. Меѓутоа, како што е пропишано така нека остане, не сакам за тој дел да говорам, не е дадено ништо да се гиба, кој може како може, тоа ќе остане како што било.

X/9.-

Во овој случај јас само сакам да укажам. Господо дајте да прифатиме една институција која к' биде навистина демократска. Овде само се надминува една фаза . Ќе треба да оди во Јавно обвинителство, таму ќе остане еден месец, ќе треба да оди во првостепениот суд, ќе остане уште месец дена, а додека да отиде до Министерството друг месец дена ние само во процедура за оваа работа ќе изгубиме некаде половина година. Па се поставува прашање, има да се помилуваат некои луѓе кои треба да издржуваат три месеци затвор. Додека да помине оваа работа Одлуката е беспредметна. Тогаш оној кој е овластен да го даде помилувањето донесува одлука со заклучок дека расправање по оваа молба е беспредметно. Ние не треба да имаме секогаш само криминалци кои ќе носат 10, 15 или 20 години или 25 години па за тие да важи институцијата помилување. Грешките се прав, кај масовните дела, а кај оние кој се поретки таму и судовите и обвинителството и учесниците водат поголема сметка, па навистина се работи за утврдена фактична положба, за одмерена казна за се.

Овде ве молам без посебно заложување дајте слободно на човекот нека дојде до институтот помилување.

XI/1 ПЈ/ЛБ

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, добар дел од тоа што имав намера да кажам во врска со оваа работа кажаа претходните мои колеги, пратеници, па нема да се повторувам. Не гледам ниту еден односно ниту една правно релевантна причина зошто претставникот на Владата толку инсистира да остане ваквата формулација на членот 8. Аргументите кои што тука беа изнесени, навистина, се толку тврдоглави што не бараат посебно да се образложат. Незнам зошто ги мешаме работите околу таа контрадикторност на постапка на две страни итн. Замислете, имате осуденик во Идризово или било каде, кој што одлучил да напише една молба. Тој може да биде и полу писмен, тој моли, тој не знае никаква постапка, дури не е ни должен да знае. А тоа што тој го моли претседателот на државата да го ослободи од понатамошно издржување на казната и тоа е негово право. Аргументите што тој ќе ги наведе во молбата сигурно дека тој што знае право, во овој случај јавниот обвинител, ќе најде сто причини да ги девалвира, да ги прави неважни. Според тоа, тука не 'треба да се инсистира на таа контрадикторност.

Второ, што сакав да кажам, за мене би било многу похумано по прифатливо ако се прибави мислење на социјалните установи на начин како што тоа колегата Арсовски го образложи. Како неговото пуштање на слобода ќе се одрази во средината каде што живее. Дали одбојно, дали средината ќе прифати итн. итн. има тука социјална анамнеза, луѓето што се бават со таа работа ја знаат. Од тука, мислам дека ако претставникот на Владата, Министерот на правосудство не е спремен сам да го прифати амандманот, јас искрено ве молам да гласаме за овој амандман и да ја прекинеме дискусијата. Затоа што аргументите главно, се овие.

XI/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Мислам дека господинот Томе Стојановски кажа дека ќе се пролонгира постапката со која што јавниот обвинител ќе учествува во давањето на мислењето, тоа не е така уредено во членот 4 каде што кажува дека постапката за помилување е итна. Значи, кога ќе се даде молбата и таа почнува. Од тука, не држи тој аргумент,. Од членот 14 каде се кажува дека министерот за правосудство и управа веднаш по приемот ја разгледува молбата и донесува упатство односно министерот за правосудство и управа донесува упатство за постапување на судовите и јавните обвинителства, казнено поправните установи по предметите за помилување, тоа значи дека ќе тече еден ланец на итна постапка, како што е предвидено во членот 4 па оттука нерационален е аргументот дека со давањето со мислењето ќе се забави постапката.

Сакам да кажам и тоа дека за помилувањето не се само оние луѓе кои ја издржуваат казната во казнено поправните домови за издржување на казната. Тука станува збор и за абониција за ослободување од кривично гонење, каде се уште не е донесен правосилен судски наслов па од тука ако ние го избришеме јавниот обвинител да не каже и свое мислење во врска со водењето на кривичната постапка во покренувањето на обвинителните предлози итн., сметам дека ќе ја оштетиме самата постапка. Затоа што ако го погледнете вие членот 3 каде се кажува дека постапка за помилување на ослободување од кривично гонење се поведува само по службена должност, тогаш ако нема контрадикторност на постапката, може да се случи некој ако му е, како да кажам, еднострано ја гледа работава, може да се помине без легалитет на постапката и без контрадикторност да бидат аргументите кажани од другата страна. Од тука не може, да се прифати аргументот

дека помилувањето е само на оние луѓе кои ја издржуваат казната во воспитно поправните домови. Тоа е само еден сегмент, а ослободувањето од кривичното гонење кое се поведува по службена должност сметаме дека неопходно е јавниот обвинител да го каже и своето мислење во врска со запирањето на самата постапка надвор од кривично правниот инструментариум без донесување на кривична пресуда. А тоа е чиста аболиција.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Јас се извинувам што повторно излегува, меѓутоа, да не испадне дека јас незнам во кои случаи се поведува постапка за помилување. Јас ги зедов само како пример, како илустрација, а инаку не реков дека со тоа се исцрпува целата постапка. Тука господо нема кривична постапка. Ова е постапка за помилување. Според тоа, сосема е јасно за што се работи. И ако во постапката за помилување од натамошен кривичен прогон бараме и мислење на јавниот обвинител, а тој е тој што врши прогон, јас ве уверувам дека не сум сретнал досега ниеден тако обвинител кој претпладне ќе тегони, а попладне ќе ти даде мислење за помилување. Таков нема. Според тоа, дајте да се ослободиме од тие работи. Овој е некој реликт од минатите закони и дај да бидеме малку по смели во одлучувањето. Да кажеме дека молбата оди таму и та^ министерството е тоа што обработува, претседателот на Републиката има колку што јас знам некоја комисија за помилување, па и тие се луѓе кои што ги гледаат тие работи и да не должиме понатаму.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, по основ на овој амандман кој што денес е пред нас ЗПК прилично имаше расправа по кој дел во голем дел јас биев иницијатор да се симне тоа право на јавниот обвинител, бидејќи најнапред работев како јавен обвинител повеќе од 16 години. Сосема е во право претходниот пратеник Абдурахман, кој што кажа дека овие одредби во овој член се преземени од поранешните закони. Не може

јавни обвинител кој што до крај настојува да докаже кривично дело, да биде осуден окривениот и на крајот сепак, да даде помилување. Добро кажа министерот Туше Гошев дека осудениот не мора и да отиде и на издржуваа на казна затвор. Кога ќе завршат сите институции во една редовна постапка останува осудениот да има право и да бара помилување. Како овој обвинител ќе даде позитивно мислење да биде тој граѓанин помилуван кога тој вложувал жалби до крај. Тој човек е осуден. Сметам дека е сосема реално јавниот обвинител да се ослободи од овој терет фактички кој што го има. Исто така, граѓаните не се во иста положба. А по тоа што збореше министерот, бидејќи јавниот обвинител учествува во постапката што би станало во оние кривични дела каде што гонењето се презема со приватна тужба, каде што можат да бидат изречени поголеми казни од оние што се изречени за кривични дела кои што се гонат по службена должност и каде што застапува обвинител. Дали тогаш ние ќе бараме мислење од оштетената страна, бидејќи тој го застапува делото. Ако на некое лице му е нанесена лесна телесна повреда каде што застапува самиот граѓанин, осудениот ќе бара помилување, дали судот ќе бара мислење од тој што го гонел него. Ми се чини дека е сосема реално јавниот обвинител да биде ослободен од оваа институција од помилување. Воопшто не би имало место тој да се мачи, фактички тоа е една тешкотија на јавниот обвинител. Досега гонам, после да барам помилуван. Какво ќе е тоа негово мислење. Ми се чини дека министерот треба да го прифати амандманот или дури е најреално да се коригира, можеби е многу по реално да остане така како што е предложен, само да отпадне зборот "јавен обвинител" , со тоа што амандманот прави некој обратен редослед.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Министерот кажа дека јавниот обвинител. се брише со член 8, став 1. Јас тврдам дека со мојот амандман практично не се брише "јавниот обвинител". .Меѓутоа, му се скратува облигаторно право во таа смисла. Меѓутоа, јас го сместувам во став 3 тоа да биде факултативно за да ги изедначи со сите активни субјекти кои учествувале во кривичната постапка. За мене втората фаза е многу појака и по важна и не случајно зборувам дека другите институции, органи и субјекти итн., се помериторни да даваат свое мислење во оценувањето дали одредено лице ги исполнува условите и критериумите за помилување. Во таа смисла јас ова го дообјаснувам.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Го ценам господинот министер за правосудство како еден добар стручњак, меѓутоа го прифаќам и амандманот даден од Комисијата. Не сакам да повторувам зашто го прифаќам амандманот, затоа што јас тргнувам малку од постари времиња, да не се повторат тие стари времиња и сега да не дојде судот да биде помал од јавниот обвинител. Тој те тужи, тој те суди и тој те беси. Тука, луѓе, ќе згрешиме многу ако делото, не се смејте, за што еден ден ќе плачете, може да паднеш ти на тоа место и да бидеш суден и да видиш колку е тој убав обвинител. Како ти изгледа јавниот обвинител, кој ќе ги земе сите компетенции во свои раце. Тој е неприкосновен, тој е цар во државата. Н8 претседателот на државата не му е рамен. Значи, кога тој веќе ќе ја заврши работата нема зошто осуденикот кој ќе даде молба за помилување, таму си напишал во каква положба е, каква му е положбата дома социјална , правна итн. мнението се дава, јас знам дека мненијата се даваат за помилување односно таа молба врви таму низ рацете каде што треба да има социјални работници, кои тие и тука треба да одиграат, господине министре, најважната задача, а не управникот на затворот. Обично управниците на затворите се малку, не сакам сега да ги напаѓам, не ги

знам, не дај боже не сум паднал сега, а тогаш беа многу страшни, имаа право и да тепаат, да бесат и да колат. Сега треба да бидат према законите кои ги носиме. Значи, овде голема улога ќе одиграат социјалните работници, психолозите итн., и кога веќе ќе дојде молбата не мора и не треба да се врати кај јавниот обвинител. Ќе оди право кај судот, судот ќе ја спроведе по редовна постапка кај претседателот на Републиката односно кај таа Ко- мисија и ќе се мери сега веќе тежината на захтевот на осуденикот. Така, ќе дојдеме до еден правен закон скратена постапка, нормална постапка и здрав закон ќе имаме. Само така ќе имаме здрав закон. Јавниот обвинител треба да ја заврши работата и тоа нормално по прописи на законот, не по прописи на физички мачења. Е,. тука судот може да се замеша ако јавниот обвинител веќе направи престап тука треба да постои некој закон и сигурно ќе постои каде што претседателот на судот односно министерот за правосудство итн. ќе преземе мерки према тој јавен обвинител. Јавниот обвинител си ја завршува работата само со тоа, понатаму точка. Според тоа, го прифаќам амандманот даден од господинот пратеник.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (37 пратеници)

Молам службите да ме информираат колку пратеници се присутни.

Во салата има точно 61 пратеник.

Господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам да излегувам меѓутоа докторот од Крива Паланка влезе од кога се изврши гласањето. Михаил Пановски влезе од кога се изврши гласање, а тоа се 61, што значи дека немало доволен број на присутни. Јас барам поединечно да се гласа, дали ќе има поддршка, незнам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако имало проблем со форумот ќе го повториме гласањето. Сега имаме 63 пратеници присутни.

Молам, кој за амандманот да крене рака?

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 8 за бришење на став 1 и на став 2 и 3 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Четириесет и четири пратеници гласаа за.

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1 под- несен од ЗПК. 1

Молам , кој бара збор?

Според тоа, тој станува составен дел, Владата го прифати

Отворам претрес по амандманот на член 8, став 1 од пратеникот Агим Фазлиу.

Го повлекува.

Отвора претрес по амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Господин Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Амандманот е неоснован, бидејќи во членот 11 употребениот термин(личноста) не претставува замена на зборот лице, туку тој поим го одразува комплексот личност. Напоредно со комплексот со кривичното дело. Исто така, содржан во членот 11 на предлогот како два ентитети

кои укажуваат за тоа дали е оправдано помилување под дадените услови во одредбата на членот 11 од Предлогот. И двата поими, и тоа поимот на личноста и на кривичното дело се со определена содржина и значење дефинирани во членот 41 и другите одредби на кривичниот закон на РМ , општ и посебен дел. Од овие причини овде не станува збор за терминолошко изедначување на текстот на Предлогот на законот за помилување, па од тука бараме да биде одбиен амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

XII/1. - НН-ЛЈ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (нема)

Дали има некој против?

Дали некој се воздржува од гласање?

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 11 поднесен од пратеникот Тодор Петров.

Отворам претрес по амандманот на член 12 и за додавање нов став 2 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Владата не го прифаќа амандманот затоа што е надвор од материјалниот концепт на помилувањето. Тоа е прашање на уредувањето на прашањата од Кривичниот закон односно од членот 4 до членот 7 од Кривичниот закон на Република Македонија. Како решение би можело да се смета кога ќе се донесува Кривичниот закон на Република Македонија, додека Законот за помилување, ја уредува постапката, учеството на органите во претходната постапка, правата и обврските и одредени прашања за помилување. Сметам дека на овој амандман не му е местото овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАН0ВСКИ:**

Јас со овој дел на министерот целосно се согласувам... Пардон ако е повлечен амандманот во ред.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Морам самиот да се коригирам затоа што првиот амандман беше многу демократски, усвоен од Парламентот а овој ми изгледа малку построг и образложението што го даде министерот го прифаќам и затоа го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за помилување

Минуваме на **точката 56** - Предлог на одлука за одобрување на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход.

Предлогот на одлуката и извештаите на Комисијата за финансирање и буџет, ЗПК и Комисијата за земјоделство и шумарство ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, јас накратко ќе се обидам да изнесам мое гледање по односот на Предлогот на одлуката за одобрување на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход.

XII/3.-

Прво, сметам дека предложените валоризациони коефициенти од страна на Комисијата се превисоки и оние аргументи што ги изнесуваат во образложението, посебно на Комисијата мислам дека не држат од причина што, или при предлагањето на валоризација на катастарскиот приход не се земени во основа диспаритетите кои што посебно беа изразени во делот на остварувањето на катастарскиот приход од земјоделска дејност. Скоро во сите земјоделски култури имаше, посебно во четирите влезни елементи на трошковната страна во остварувањето на земјоделското производство, посебно во 1990-1991 година беа изразени диспаритетите. Ако се погледа само податокот дека за 1000 литри нафта д-2 што се употребува во земјоделието во 1990 година било потребно 2.200 килограми пченица, а во 1991 година за иста количина нафта биле потребни 8.500 килограми пченица.

Другиот елемент, кој што исто така зазема големо учество во трошковниот дел на земјоделското производство, скоро во сите култури е употребата на вештачко ѓубре, кое што за еден тон бо 1990 годна било потребно да се набави 1.300 килограми пченица, а во 1991 година скоро 4.000 килограми пченица.

Исто така, посебно во делот на лозарството и овоштарството делот на заштитните средства заземаат големо учество. За да се набави еден тон заштитни средства во 1990 година било потребно 9,8 тони пченица а во 1991 година скоро околу 2 ипол пати повеќе или околу 22 тона.

Исто така и со опремата, која што исто така има голем диспаритет во набавката. Во 19 90 година за да се набави еден трактор било потребно 180 илјади тони пченица и тоа со премија влезена во цената на пченицата а во 1991 година 410 илјади тони.

XII/4.-

Анализирајќи ги податоците што ги дава податоците при предлогот за валоризација на катастарскиот приход и тоа за 40 пати во просек се гледа дека и во делот на приходот адекватно не се опфатени сите култури, или неадекватно се опфатени. Посебно го истакнувам откупот на грозјето во 1990 и 1991 година каде што за 28 пати е зголемена откупната цена и тоа на грозјето за преработка.

Нелогични се податоците воопшто за основачките вложувања во земјоделието и мислам дека не можат ни предлагачите да го објаснат тоа. На страница 3, каде што вели дрвени столбови за лозја 300, а не се знае што, дали е тоа вкупното вложување за еден хектар или се ( вика бетонски столбови за лозје кои што беа 15 илјади денари, овде 600, а не се знае што е тоа 600 и се вели дека 10 пати има зголемување во основачкото вложување. Сметам дека сите овие факти упатуваат на тоа дека треба валоризационите коефициенти да бидат апсолутно помали. Во тој правец имаме поднесено амандмани со Тодор Димов и сметам дека би требало оваа аргументација во општиот дел на расправата да биде, земена во предвид и при одлучувањето по амандманите.

Уште еден податок. Ако се земе дека во делот на опфатот за данокот опфатена е категорија на земјоделци и неземјоделци со зголемувањето за 40 пати во понеповолна положба апсолутно ќе бидат ставени самите земјоделци, бидејќи на име на данок, сега се укинува воопшто стапката данок за земјоделците, а оваа ревалоризација апсолутно ќе се однесува на плаќање на придонесите на земјоделците бидејќи како основица ќе им биде земена ова за придонеси. Бидејќи тие се ослободени од данок а имаат обврска за плаќање придонеси сигурно дека ваквото зголемување ќе има големо влијание на делот на она што значи и обврска на плаќање на данок односно на придонеси на земјоделците.

Ова посебно го укажувам затоа што сигурно ќе уследи една постапка посебно. во реонот на повардариeто и цела Тиквешија за ослободување на плаќање данок од земјоделска дејност посебно во лозовите насади каде што има енормно високи штети од измрзнување. Така да во делот на ослободувањето и ако дојде до ослободување ќе бидат ослободени од данок незмјоделците, а додека земјоделците и понатаму ќе мораат да го плаќаат или со оваа валоризација што сега се предлага исто така тој процент.

Со предлогот што го дадовме за намалување само за 10 пати што значи 40 пати да изнесува валоризацијата на катастарскиот приход незначително се влијае на вкупните приходи што се остваруваат во буџетот. Ако вкупното остварување во буџетот е само 0,30% од приходот што се остварува во земјоделска дејност, сигурно дека со 10 пати ако се намали основицата и се применат сите стапки тоа ќе биде незначително влијание и сметам дека држат посебно амандманите што се поднесени Владата да има разбирање, посебно во овие услови сега во делот на земјоделците кои што на одреден начин во една година можеби и неоправдано се оптеретуваат со толку високи давачки.

Само да направам една споредба. Доколку се прифати предлогот што го дадовме во вид на амандман по предлогот на Владата за 1 хектар интензивни лозја треба да се плати 737 илјади денари, а за 1 декар 73 илјади денари, а исто така доколку се прифати предлогот што го дадовме во вид на амандман за 1 хектар би требало да се плати прва класа земја односно интензивен лозов насад од 443 илјади денари или 43 илјади денари по декар. Значи, сепак едно разумно покачуваше, кое што на одреден начин упатува и во еден друг правец.

На крајот,сметам дека би требало ова да биде последна година на вакво утврдување на основицата за пресметување на земјоделска дејност. Данокот од земјоделска дејност треба да се пресметува врз

основа на чистиот приход остварен од претходната година. Само тогаш ние ќе имаме една чиста ситуација, бидејќи нема да се служиме со податоци во вид на проценка, туку ќе имаме стварни податоци за остварениот приход од одредена земјоделска култура и врз основа на остварен чист доход од претходната година ќе може да се стави и реална основица за оптоварување на земјоделците во наредната година.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Има амандмани во врска со оваа одлука за коефициентите за валоризација на катастарскиот приход, Јас мислев дека ова не е обемен материјал, пратениците го прочитале, образложенијата зошто се предлага да се изврши корекција, валоризација на коефициенти.

Прво, тоа е обврска да се изврши, доколку основицата расте на 50%, законска обврска е да се изврши валоризација на коефициентите.

На 56-та седница на Собранието, на една од претходните точки беше и Предлогот за измена на законот за стапките на данокот на граѓаните, меѓу кои спаѓа и данокот од вршење на приходи во земјоделие. Се прифати амандманот имајќи ги предвид тешкотиите со кои се соочува земјоделието на Македонија и во 1993 година земјоделците кои се занимаваат исклучиво со земјоделска дејност да бидат ослободени од обврската за плаќање данок од земјоделска дејност. Ве молам, минатата година не е извршена валоризација на коефициентите исто така по иницијатива на Владата имајќи ги предвид тешкотиите во кои се најде земјоделието минатата година. Меѓутоа, сегашната одлука подготвена од страна на стручна комисија составена од претставници на Министерството за земјоделие, претставници на Министерството за стопанство, Министерството за финансии и веројатно само претставниците од финансии биле заинтересирани. Пратеникот

XII/7.-

Петар Георгиев спомна на крај приходите на буџетот нема да дојде ниеден еден приход ни во 1993 година. Меѓутоа, ве молам водете сметка дека другите придонеси за здравство и за пензиско инвалидско осигурување, точно е дека популарно се слуша дека земјоделците не плаќаат, меѓутоа исто така сите земјоделци знаат во каква состојба се наоѓа и здравството и фондот за пензиско инвалидско осигурување. Овде се укажуваше да успееме како луѓе да најдеме една рамнотежа при залагањето , денеска Владата го испрати нацртот на буџетот до Собранието на РМ и наскоро ќе почнат расправите околу тоа со кои проблеми се соочуваат нашите граѓани што ги користат расходите од буџетот. Значи тоа нема никаква важност за буџетот за 1993 година. Тие се изработени од стручњаци од три министерства каде што доаѓаат до израз различни интереси и на крај Владата ги прифатила и ги образложила на Собранието. Битно е да се усвојат така како што се предложени затоа што идната година, ако имаме среќа да се стабилизираме во економските текови ќе треба да правиме корекција од 1990 до 1994 година, па ќе имаме коефициенти 100 до 150, што исто така непопуларно е. Значи, сега овие ќе бидат како основа за идната година да не правиме такви скокови. Овие моменти треба да се имаат предвид и треба да се има предвид фактот дека имаме двоцифрена месечна инфлација, тоа го имавме и минатата година и пред таа година, зависи кога обврската се извршува. Ние велиме овде 1990 година. И 1990 година многу важно кој месец последен пат се утврдени стартните основи. Наиме 1993 година кога обврзниците ќе ги извршат тие свои обврски. Морам да ви кажам дека во однос на декември сега е веќе 53,2 пораст на цените во февруари во однос на декември 1992 година,. Според тоа секое намалување на овие коефициенти вака предложени, а обврските ќе настанат во текот на оваа година, целосно, делимично до крајот на оваа година, а ние гледаме какви движења имаме сега така да не доаѓаат предвид никакви корекции на предложените коефициенти во

одлуката што ви е презентирана. Не доаѓаат предвид и никакви образложенија затоа што во 1993 година земјоделците нема да плаќаат данок, ослободени се според амандманот што беше прифатен при усвојувањето на законот за измена ан стапките на даноците на граѓаните. Молам да се имаат предвид овие моменти.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места затоа што во спротивно немаме кворум за работа и ќе мораме да ја завршиме седницата.

Има збор господинот Ванчо Златанов.

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:**

На предлог одлуката за одобрување на валоризационите коефициенти на катастарскиот приход има поднесено повеќе амандмани од поголем број на пратеници а скоро со иста содржина односно се пред-лага со амандманите намалување на валоризационите коефициенти на катастарскиот приход на поедини катастарски култури како што е на пример лозје, овоштарници, оризовите ниви и др. Во зависност кој пратеник од кој крај потекнува и во неговата околија која култура е најмногу застапена па се предлагаат намалување на коефициентите.

Предлог одлуката за зголемување на валоризационите коефициенти е заснована врз законот за утврдување на катастарскиот приход. Во тој закон во членот 3 е кажано утврдувањето на катастарскиот приход се врши еднообразно во сите катастарски околии. Од тука произлегува, а и јас лично имам забелешка не на предлогот на одлуката за висината на валоризационите коефициенти на катастарскиот приход, туку на прилозите кои се дадени со одлуката, а кои се поврзани со законот за утврдување на катастарскиот приход, Имено, се работи за следното.

XII/9.-

Како што стои во сега изменетиот закон за утврдување на катастарскиот приход порано општините кога се самофинансирале давале согласност за скалите на катастарскиот приход, а Републичката комисија ги потврдувала. Како што е нагласено и во прегледите кои се дадени во прилог на одлуката постојани катастарски скали, а од друга страна во образложението на Предлог одлуката стои "поради суштествени промена во цените на земјоделските производи зголемените цени на материјалниот трошоци, отежнатиот пласман на земјоделските производи поради затворање на поранешниот пазар со другите републики, отежнатиот транспорт блокадите од Европската заедница, намалување на куповната моќ и многу други фактори кои целосно ги изменија условите за земјоделското производство", а ние денеска ќе утврдиме постојани скали односно сметам кога се е изменето требало комисијата да ги измени и постојаните скали.

XIII/1/ДВ/лј

**ВАНЧО ЗЛАТАНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Според правилникот за начинот на катастарското класирање на земјиштето се применети исти критериуми во сите катастарски општини во Републиката од прва до осма класа. Ако е веќе така зошто е толку голема разликата на катастарскиот приход по катастар- ските општини. Само заради пример би кажал:

Во катастарската околија Скопје за нива од трета класа за еден хектар се предлага катастарски приход 167.119 денари. Во Битола 143.807 денари, во Гостивар 182.228 денари, во Струмица 224.927 денари катастарски приход по хектар за иста класа и иста култура. Зарем пченицата посеана на струмичката нива ќе даде поголем придонес по единица површина од Битолската или од Гостиварската нива, што апсолутно е несфатливо барем спрема мене.

За културата посеана на нива од трета класа во катастар- ската околија Скопје се предлага катастарски приход 710.415 денари а во Струмица 730.550 денари. Оттука произлегува дека земјоделците во Струмица се задолжени и по должина и по широчина.

Во членот 17 од правилникот за начинот на катастарското касирање на земјиштето стои: катастарската парцела на земјиштето за секоја катастарска култура се распоредува од прва до осма класа со класираше според природните и економските услови за земјоделското и шумското производство. Под природни услови за производство се подразбираат: особините на земјиштето, климата , релјефот, положбата водениот режим, а под економски услови се подразбира оддалеченоста на земјиштето пазарот, и потрошачките центри и развиеноста на патната мрежа.

XIII/2.-

Комисијата при изготвувањето на постојните катастарски скали за висината на катастарскиот приход економските услови кои се целосно изменети ги изоставија. Струмица е најоддалечена од пазарот и од потрошачкиот центар, .а з а патната мрежа воопшто не треба да станува збор. До Струмица има најлош и најстар пат. Затоа велам дек земјоделците во Струмица се задолжени по должина и по широчина во споредба со другите земјоделци во Републиката.

Како што стои во законот за утврдуваше на катастарскиот приход, катастарскиот приход може да се утврди и врз база на репрезентативни катастарски околини. Ако досега Струмица претставувала репрезентативна катастарска околија мислам дека толку се изменети условите за производство, а поготово за пласман на земјоделските производи, па би требало струмичките земјоделци да се ставаат во рамноправна положба со останатите земјоделци од Републиката. Тоа го барам заради тоа што катастарскиот приход не претставува основица само за данок на граѓаните кој не е кој знае каков, туку катастарскиот приход претставува основица и за здравствената заштита на земјоделците и за пензиско и инвалидското осигурување.

Се согласувам да постои разлика на катастарскиот приход по класи на земјиштето, но не и разлика во класите за катастарските околии како што ни предлага предлагачот.

На крајот предлагам Собранието да донесе работен заклучок со кој да се задолжи Владата во најкраток рок да ги усогласи постојаните катастарски сали за утврдување на катастарскиот приход според член 17 став 2 од Правилникот за начинот на катастарското класирање на земјиштето и да се применат не само природните туку и економските услуги. Исто така да се усогласат постојните катастарски скали со членот 3 од законот за утврдување на катастарскиот приход.

XIII/3.-

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници.

Иако претходните дискутанти по однос на определувањето на валоризацијата и со поднесениот амандман, со намалување од предлогот на Владата од 40 на 30 пати по тоа како ќе влијае и колку за ублажување во земјоделието незнам, иако го прифаќам тоа. Но, сакам да направам една забелешка како што и господинот пред мене изнесе дека определувањето на катастарските доходи не само по општини туку и во самата општина требаше да бидат поделени на поедини реони каде што во иста општина иста класа на земјиште не е соодветна со истите, да речеме во рамничарските делови, покрај реките, котлините, со по-оддалечените ридско - планински села. Така да порано приходите на катастарот и придонесите се определуваат на три четири реони, така се дела селата и на тој начин се определуваше овој катастарски доход. Според мене и натаму треба така да се одредуваат, а не општина Битола едно, Струмица друго итн. Сметам ова да си остане по општини меѓутоа во самата општина има посебни региони кои не може да ги исполнуваат истите услови за оваа валоризација на катастарскиот доход. Сеедно околу она што ова што го поддржувам, јас сметам со валоризацијата на катастарскиот доход и да го намалиме, не 10 пати и 30 пати само 10 пати да го валоризираме не ја постигнуваме целта. Земјоделието не го товара овој дел на давачките на државата односно даноците и остварените катастарски доходи по хектар кои се утврдувани и сега и порано. За мене најцелисходно е ако сакаме да имаме развиено земјоделство и ако сакаме да го развиваме и натаму што побргу да се донесат соодветните закони и прописи што треба да ги има во аграрот. Дури тогаш можеме да размислуваме. Сметам дека не е ова решение

што ќе го прифатиме овој амандман да се намали за 10 пати. За оптеретувањето, давачките на земјоделието ги зема индустријата, хемиската индустрија: семињата заштитните средства и друго што се неопходни за обработка на еден хектар, па тогаш да видиме која е вистинската цена, дали ова го оптоварува земјоделието катастарскиот доход или го оптоваруваат давачките што треба да се инвестираат по хектар, а кога зборуваме по хектар инвестиција, тука али ќе има разлика голема во секоја култура : пченица, репа, лозје, зеленчук. Тука скоро варираат вложувањата по хектар.

Да не должам многу јас сега би изнел неколку показатели со кои сакам да илустрирам, да не речете со ова е ослободен земјоделецот, а каде му се нему парите.

За еден хектар потребни се 180 до 300 килограми семе, пченица, по 8 денари таа која се сееше во септември месец тоа изнесуваше 224 илјади денари. Есенско ѓубре 300 килограми по хектар, тоа тогаш изнесуваше 185 илјади денари по хектар. Ѓубре со потхранување исто така 30 0 килограми по хектар, изнесува 9 8 илјади денари. Заштитни средства што е неопходно потребни се три кома 5 литри по хектар, тоа е 138 илјади денари, или вкупно материјални трошоци по хектар изнесуваат 165 илјади денари.

Машинска обработка, тука влегува нафта, резервни делови 22 6 илјади денари по хектар. Ако е тоа пченица,само пак велам на минатогодишната жетва за машинско жнеење е потребно 140.000 денари. Вкупно машинска обработка 366 илјади денари. Камати на ѓубривата, ако овие кредити не поминат од краткорочни во долгорочни кредити тука ќе стане, ова што цитирав за овие вештачки ѓубрива досега ќе изнесуваат со камата, на есенската сеидба односно на 300 илјади килограми сметано за 8 месеци и тоа не прогресивна ами истата таа

само да се месечно додава. Ако додадеме и на неа камата тогаш би дошло уште поголема разлика. Исто така и за потхранувањето 400 илјади денари односно на семето 400 илјади, 400 илјади на вештачкото ѓубре, есенското и ѓубре за потхранување 160 или вкупно 960 илјади денари камата. Еве каде одат приходите по хектар. Или вкупно вложени трошоци по хектар за пченица е 1.976.000 денари. Овие податоци не се од џеб вадени. Јас се консултирав и со стопанските земјоделски организации и со коперантите и со индивидуалните земјоделци. Ова се нивни показатели. Плус тоа каде се сега давачките за данокот социјалното осигурување. Сега велиме, тука не ги ставам трошоците за наводнување бидејќи оваа култура не се наводнува. Принос ставам 3.500 ,по хектар, а тоа е голем придонес што ретко можеме да го добиеме. На некои површини се добива, па затоа реков дека категоризација та не е извршена правилно по општините за распределба по хектар на валоризацијата на доходот затоа што не е ист. Некаде ќе даде 2.500 некаде 3.500 некаде 4.000. Но никаде нема да замине во просек 3.500 илјади. Ако цената на пченицата биде 600 денари тоа е 2.100.000 денари од тоа останува чисто кога се одбијат овие вложени инвестиции по хектар 126.000 денари. Ова е вистинската ситуација во земјоделието а не данокот. Тука треба да се најдат тие давачки и барем во однос на каматите да се намалат 960 тогаш би останало по хектар околу 1.000.000 денари. Кога го велам тоа мислам и: на другите култури. Ако нема комбајско жнеење кај репата има култивирање, наводнување. Исто така и кај градинарските култури е тоа и таму се тие давачки исти. Сметам дека најцелисходно, најбрзо треба овој Парламент да и предложи на Владата да се донесат сите закони кои треба да се применуваат во аграрот. Тука се загубите во земјоделието, а не преку даноците.

XIII/6.-

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, не е лесно да се одмери што е многу што е малку кога е во прашање земање од една страна или давање од друга страна.

На Комисијата расправавме за оваа материја, некои забелешки изложивме таму, јас учествував во расправата, предлогот е исти после Комисијата.

Реков дека не е едноставно да се каже дали оптоварувањето е многу. Едни ќе тврдат секогаш дека е многу, други ќе тврдат секогаш дека е малку. Меѓутоа, ние имаме одлука која предлага ревалоризација на коефициентите во висина каква што е дадена овде. Имаме образложение на таа одлука што го читаме и врз основа на што се дошло до дадените коефициенти. Тоа што го читам во образложението, извлегувајќи заклучок зашто толку се зголемени коефициентите, не можам да најдам здрава логика во врска со едното и другото. Можеби овие коефициенти се добри, но во тој случај потребно е да се изложат други аргументи во образложението. Ако ова остане како аргументација зошто се дошло до вакви коефициенти, тогаш овие коефициенти се високи. Еве зошто? На пример градините имаат ревалоризационен коефициент 32,2. Главниот критериум е цените на мало. Се вели дека и трошоците се земени предвид, но да видиме али се земени трошоците, инпутите во земјоделието.

Кај градините рековме коефициентот е 32,2. Во образложението во предлогот на откупните и на пазарните цени на земјоделските производи за 1990 и 1992 година ги гледаме коефициентите на порастот на цените веројатно на мало. Еве само пример. Кај кромидот цените се зголемени за 25 пати. Овде рековме имаме 32 катастарски коефициент.

XIII/7.-

Кај зелката имаме 40, во случајов ќе речеме нешто поповолен е коефициентот. Кај доматите имаме 31, речиси совпаѓање со коефициентот. Кај пиперките имаме 20 катастарски коефициенти. Кај останатиот зеленчук 22.Кај гравот 2 0 итн. Ако се земе значи само тој критериум ќе испадне во просек дека катастарскиот коефициент е повисоко даден, ако сакаме да кажеме дека овие две години ги исправаме диспаритетите што постојат на страната на собирањето на приходите и на страната на оствареniot доход.

Но сега ако ги погледнеме податоците што од истото место ги добиваме во врска со трошоците направени .Вредност на тракторски час, коефициентот односно цената за таа услуга е 120 пати зголемена Така пишува овде.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение).

Вештачкото ѓубре - уреата за 100 пати, вештачкото комбинирано ѓубре НПК 100 пати, КАН-от 100 пати, арското ѓубре 100 пати, расад за зеленчук 100 пати, вредност на запрежен работен ден за ниви и градини 120 пати итн. Значи, ова 100 - 120 се инпутите овде кај катастарскиот коефициент ревалоризационен е 32 пати. Цените на мало во просек се 32% што пораснале. Сето тоа се случува во година кога пазарот и натаму ќе биде затворен, блокадите ќе продолжат, сето тоа се случува кога го имаме тој несреќен катастарски приход кога има постојано спорење во врска со него, кога никогаш не го знаеме вистинскиот остварен доход всушност и тоа се комбинира во канцеларии врз основа на искуства. Се додека е тоа така никогаш нема да најдеме права мерка на оваа работа. Земјоделското производство не зависи од канцелариски утврдениот доход, туку зависи од сушата, неродната година, од конкретната болест, многу, многу фактори делуваат тоа го знаеме. Пак не тврдам дека сето ова во крајна линија даде преголемо оптоварување. Но, аргументацијата која е изложена овде не дава за право да се усвојат вакви коефициенти. Или треба да се менуваат коефициентите кои се пред- ложени овде или треба да се менува аргументацијата да се приложат други докази како се дошло и зошто се дошло до вакви коефициенти.

Во таа смисла го поддржувам амандманот што е предложен за намалување на коефициентите за одредени категории.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сеуште сме на теренот на општиот претрес.

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Јордан Зафиров.

XIV/2-

**ЈОРДАН ЗАФИРОВ:**

Почитувани пратеници, само пореално да ги согледаме организационите коефициенти дали се високи или ниски, јас би сакал само да изнесам неколку сосема конкретни податоци.

Данокот кој би требало да се пресмета врз основа на ревалоризираните коефициенти во 1993 година на нива би изнесувало 112.868 денари. На оризна нива 162 329 денари по ха и на градина 281.500 денари. Мислам дека овие податоци сосема аргументирано ќе кажат дали данокот кој треба да го плаќаат земјоделците со двојно занимање е висок или не. Или сосема јасно е кажано ако ние и овие земјоделци односно оние кои се со двојно занимање ги ослободиме од данок сепак состојбите нема•значително да се подобрат. Мислам дека како основно прашање во земјоделието од каде одат сите тешкотии во земјоделството се високите цени на инпутите односно цените на индустриските производи раснат со многу повисок процент од цените на земјоделските производи. Или кажано поконкретно репроматеријалите во земјоделието имаат многу повисоки цени од оние кои се на земјоделските производи.

Оттаму сметам дека сепак овие ревалоризациони коефициенти се реални и ова Собрание треба да ги прифати од разбирливи причини што сепак дел од овие средства да се акумулираат и во Републичкиот буџет.

Погледнато од друг аспект овие земјоделци и другите земјоделци сепак имаат здравствено и социјално осигурување, но нивните вложувања не се адекватни на она што го даваат преку катастарскиот доход односно преку овие ревалоризациони коефициенти

Јас би гласал за овој материјал и мислам ако поконкретно се проанализира, тоа е сосема реално.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, би сакал да се произнесам по Одлуката за валоризација на коефициентите на катастарскиот приход од причина што на некој начин навистина бројките кои се предлагаат во апсолутен износ покажуваат една големина која, навистина, тешко може да се најде оправдување и покрај тоа што имаме образложение и аргументите што беа изнесени до сега, бидејќи од еднаш зголемување со 40 пати сигурно би требало да се постави едно прашан кој се аргументите да имаме едно такво зголемување. Ако ја согледаме состојбата во правата вистина и покрај тоа што ова зголемување е така големо сепак како што беше изнесено од еден од претходните дискутанти дека средствата кои се прибираат во Буџет по овој основ се така занемарливи што навистина не се во состојба да ги покријат и оние најминимални потреби кои граѓаните на тие подрачја ги имаат и ги добиваат.

Еве еден конкретен пример за имател на нива што се предлага и во највисоката катастарска општина Струмица треба да плати да речеме за трета класа да земеме просечна а не прва или осма класа, туку трета класа некаде 224.000 по ха со данок од 2,5% треба да се плати некаде околу 5.000 годишно данок од тој катастарски приход. Тоа во денешно време претставува две кутии"Лорд", во еден апсолутен износ навистина не претставува никаков трошок за граѓаните.

Немам намера, а и илузорно е да се дискутира за некое покачување и некој трошок за нашите граѓани, меѓутоа, би сакал да се осврнам на она што е дадено како составен дел на оваа одлука, а како што знаеме одлуката е од еден два члена, меѓутоа, образложението кое е дадено од страна на Министерството и прегледите кои се дадени не можам да најдам оправдување зошто Министерството не нашло за

потребно да ги измени основиците за кои се плаќа тој катастарска приход односно да ја промени основицата, бидејќи е нелогично ако одредени категории земјиште се делат по класи од прва до 8-ма класа нелогично е да истата таа категорија на класи односно иста класа на земјиште во различни општини да има нееднаква основица за оданочување.

Еве го зедов примерот на ниви, нива од трета класа од катастарска основица од 78.000 во Берово, ми се чини таа е најниска до 22 4.927 денари во Струмица која е практично највисока основица, а се однесува за иста структура на земјиште и за потполно иста класа на земјиште.

Мислам дека овде одредени региони и одредени граѓани не се ставени во иста улога односно некои се привилегирани, а некои се оштетени. Нашиот устав не познава делење на граѓаните на едни и други, тој се залага сите граѓани да имаат ист третман пред прописите и законите на нашата држава.

Оттука мислам дека оваа одлука која е даден овде под итно треба да претрпи измени во тој поглед, одредена категорија на земјиште која третира одредена класа дали се наоѓа во Струмица, како што беа изнесени одредени дискусии од порано или во Битола или во Гостивар или во Тетово, мислам дека треба да носи иста осно- вица за катастарски приход бидејќи се работи за иста категорија на земјиште, за иста класа.

Ова морам да го потенцирам практично на некој начин одредени региони на нашата земја биле онеправдани низа години, не биле третирани на соодветен начин, бидејќи со низа години се плаќале поголеми придонеси и по основ на данок и по основ на придонеси за г здравство и образование, а истите општини во одреден период не биле согледувани по тој основ и на тој начин за да можат одредени инфра-

структури да бидат дадени на адекватен начин во иста положба. Да речеме општина Струмица која во сите овие класи и категории е со најголеми проценти, со најголеми вредности дадена како осно- вица за даночни и други зафаќања, а не е адекватно враќано на тоа подрачје односно не се градени инфраструктури кои ќе придонесат тие граѓани што давале и плаќаат по тие основи да можат да корнстат одредени благодети. Струмица е земена со најголема основица, а тука се земени предвид климатските услови додека другите економските категории кои ги одредуваат овие основици се занемарени, бидејќи токму Струмица во тој поглед на некој начин е запоставена со изградба и на патишта и други поврзувања со кои производството ќе биде поблиско до пазарот односно трошоците на производителот што произведува во тој регион иако имаат, можеби заради поволноста од климатските услови, поголеми приноси, меѓутоа, економските категории на некој начин го ставаат во полоша положба, бидејќи мора да дава повеќе пари за репроматеријали, повеќе пари за гориво и да плаќа поголеми трошоци за транспорт за неговите производи за да може да дојде до пазарот каде тие производи ќе бидат реализирани.

Оттука сакам да кажам дека многу повеќе во контекст на оваа одлука треба да бидат земени предвид овие сугестии, констатации и предлози за измена отколку самите проценти што се дадени бидејќи тие во апсолутен извоз не претставуваат некоја категорија која на некој начин го загрозува стандардот на граѓаните. Напротив, оние други основици се многу подрастични и позабележителни и оттука мислам дека тие треба да поднесат одредени измени за да може да ги стави сите граѓани во иста положба.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Горѓи Котевски.

XIV/6

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, оваа одлука што ја имаме пред нас заслужува посериозно внимание и поголемо присуство од самите пратеници, бидејќи од досегашната работа на овој Парламент, јас морам да заклучам и морам да ставам една забелешка дека кога станува збор за одредени области од земјоделието и во конкретниот случај за обновување на коефициентите на катастарскиот приход навистина вниманието и интересот на пратениците е минимален или ништожен. Тоа уште еднаш ја потврдува старата вистина дека кога од областа на земјоделието имаме теми за дискусија и разговор овде и за донесување на вакви одлуки, навистина, не го посветуваме нужното внимание.

Повторно сакам да укажам дека земјоделието е последната и најмизерната стопанска гранка во Република Македонија која се гледа со пот- ценување од страна не само на овој Парламент,туку воопшто од сите институции на системот. Ова го истакнувам затоа што навистина во Република Македонија посебен третман и поголема сериозност не е обрната на овој план. Во овој случај кога станува збор за обнова на овие коефициенти на катастарскиот приход најлесно е административно да се решаваат работите и со едно процентуално зафаќање или одредување да се каже колку ќе биде тој коефициент. Тоа е најлесно без да се има други релевантни показатели кои ги имаме во областа на аграрот во Република Македонија.

Не сакам да повторувам она што го изнесоа почитуваните пратеници и потполно ја прифаќам дискусијата на Перо, исто така и на Петар Гошев и на Трајан Мицевски, но сакам да укажам на една работа. Донесувањето на оваа одлука непосредно е поврзано со фактичката и реалната состојба на теренот во Република Македонија, а јас бидејќи сум

од општина Битола и одредени состојби лично ги познавам, сум контактирал со поранешното Министерство, навистина ќе имаат негативен одраз. Знаете за што се работи? Се работи за една голема неправда што во одреден ридско - планински терен во општина Битола направени се катастрофални грешки во поглед на класификација на земјиштето и овие граѓани од овие села се товарат со класифицирана земја од прва класа, а во конкретниот случај навистина не постои таква класа на земја. Според овие валоризациони коефициенти на катастарскиот приход уште повеќе и продолжувачки ќе се одрази на овие луѓе. Посебно станува збор за еден голем реон тоа е од обласа на Цапари и соседните села. Навистина се прават големи грешки.

Исто така, не е само овде грешката. Јас мислам, ако оваа Република Македонија има една концепција за развој не може да речеме едно Мариово или ридско - планински или еден пограничен дел да има ист третман со некое друго развиено подрачје. Ако имаме основна стратегија да ги развиваме тие неразвиени подрачја, па можеме и преку овој начин стимулативно да влијаеме во поглед на обработката на тоа земјоделско земјиште во тие региони. Но, ние сега вака администрирајќи и вака решавајќи ги работите по инерција како поранешниот систем само со ставање на стапките или со утврдување на катастарскиот приход наједноставно ни е и најлесно да си ја продолжиме старата практика, а всушност реалните состојби на теренот и понатаму да се продлабочуваат и да бидат негативни.

Овде во образложението е дадено дека во 1991 или 1992 година од производството и откупот на јаболкото бил отежнат, па исто така и со измрзнувањето на овошките. Претходната година, па и оваа почнувајќи календарски еве изминаа 3 месеци се соочуваме со истиот проблем

јаболката освен што се консумира на овој дел од пазарот од Македонија немаат шанса да се консумираат на други подрачја како што имавме случај во поранешна Југославија. Тоа значително ја отежнува состојбата и затоа ние, како што истакна Петар Гошев, немаме релевантни добри показатели за тоа како реално да се движат овие стапки.

Но, мислам дека она што е дадено во вид на амандман, да не земам повторно збор за дискусија кога амандмански ќе се расправа по оваа одлука, мислам дека треба да бидеме трезвени и да ги прифатиме овие амандмани и наместо овие валоризациони коефициенти што се предвидени овде да не ги прифати^е, туку да ги прифатиме оние од амандманите што се предложени посебно амандманот на Тодор Димов и Петар Георгиев.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратениците Тодор Димов и Петар Георгиев поднесоа амандман на член 1, а пратениците Иван Иванов и Тодосија Паунов поднесоа амандман на член 1 со кој не се согласила Владата.

Пратеникот Панче Минов поднесе амандман на член 1 со кој Владата не се согласи.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Тодор Димов и Петар Георгиев.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Тодор Димов.

**ТОДОР ДИМОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници со Предлогот на одлуката за одобрување на валоризационите коефициенти на катастарскиот приход за одделни катастарски култури се предлага да изнесуваат 41,6 пати, а за одделни катастарски култури 32,2 пати. Сметам дека ова зголемување е превисоко и нереално поради следниве причини:

1. Поради затворањето на пазарите, блокадата на патиштата и нафтената криза, земјоделците се најдоа во многу лоша состојба во поглед на пласманот на нивните земјоделски производи.

Второ, во последните години се поголем е диспаритетот помеѓу цените на земјоделските производи и цените на репродукционите материјали и услугите што учествуваат од земјоделското производство кое што може да се види и од приложените табели кон оваа одлука.

На пример, цената на пиперките е зголемена за 20 пати, на доматите 31, јаболките и крушите 30, грозјето за преработка 28 пат во 1992 година во однос на 1990 година, а пак цената на вештачките ѓубрива е наголемена за 100 пати, заштитни средства за 100 пати, семенскиот материјал за 100 до 120 пати и вредноста на тракторскиот час за 100 пати.

Од напред изнесените податоци јасно се гледа дека приходите по единица површина кај сите земјоделски култури бележат реално опаѓање во 1992 година во однос на 1990 година.

Трето, природните услови во последните неколку години исто така многу неповолно влијаат на земјоделското производство. Така што во летните периоди имаме многу висока температура и сушни периоди а во зимскиот период изразено ниски температури што нанесуваат огромни штети во земјоделството.

XV/2.-

Ниските температури што ја зафатија целата наша Република во месец јануари 1993 година направија огромни штети кај овошките и лозјето. Така што во одделни реони има измрзнување на лозовите насад! и до 100% така што во овие реони ќе нема никакви приходи, а производителите, за да ги заштитат лозовите насади за идната година принудени се да вложуваат по еден хектар околу 4.500 илјади денари во 1993 год! на, по цена на репродукциони материјали од месец јануар.

Поради ниската откупна цена на грозјето а висока цена на репродукциони материјали и поради лошите временски услови во последно време е масовна појава на крчење на лозовите насади, а да напомнам дека за подигање на еден хектар лозов насад потребни се 8 милиони денари, што претставува уништување на огромен национален капитал.

Поради напред изнесеното, изнесените причини и состојби го предлагам амандманот со кој се предлага умерено зголемување, поумерено зголемување на валоризационите коефициенти за просечно 29 пат односно кај одделни култури за триесет, а кај други култури за 25 пат

Бидејќи приходите од земјоделски дејности учествуваат во вкупниот приход на буџетот за околу 0,36 пати односно 0,36%, сметам дека Собранието може да го прифати овој амандман со што ќе бидат ублажени незадоволствата и револтот на земјоделските производители. Нашата цел треба да биде создавање на поволни услови за земјоделство производство, со што ќе се создаваат услови за поголемо производство, а преку тоа и државата индиректно ќе остварува поголеми приходи во буџетот.

Сега сакам малку да го коментирам мислењето на Владата. Јас ќе го цитирам од разложението во врска со нашиот амандман:

Поради настанатите инфлаторни движења во текот на 19'91 и 1992 година кои предизвикаат зголемување на цените на земјоделските

XV/3.-

производи и цените на репродукционите материјали, имајќи предвид дека цените на земјоделските производи во декември 1992 година во однос на просечните цени остварени во 1991 година оствариле индекс од 4.300% или зголемување за 40 пати, а со предлог одлуката се предлага валоризациони коефициенти за одделни катастарски култури да изнесуваат 41,6 пати'.'

Мислам дека ова образложение на Владата не држи бидејќи, јас пред малку спомнав, кај поголем број на култури зголемувањето на цените е некаде околу 20-30 пати, така што посебно во нашиот регион Неготино и Кавадарци цената на грозјето за преработка е зголемена за 28 пати. Мислам дека и ваквото образложение по Предлогот на амандман не држи.

Апелирам до пратениците да го усвојат овој амандман, со што мислам дека револтот на граѓаните, на земјоделските производители ќе биде намелен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (46) 1

Бидејќи за амандманот гласаа 46 пратеници констатирам дека Собранието го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратениците Тодор Димов и Петар Георгиев.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Иван Иванов и Теодосие Паунов.

Молам, кој бара збор?

Информиран сум дека пратениците го повлекуваат амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Молам кој бара збор?

XV/4,-

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитувани пратеници, амандманот го поднесов од едноставна причина за тоа што сите аргументи кажуваат дека предложеното зголемување во Одлуката за одобрување на валоризациони коефициенти е превисоко. Тоа изразено во "пати" изнесува 32,2 кај одредени култури, до 41,6 пати, но тоа изразено во процент е навистина 1 фрапантно зголемување од 3.200 до 4.100%. Така што, определувајќи се за едно вакво зголемување сметам дека истото е превисоко и нереално.

При овој случај не треба да заборавиме дека се работи и за оваа институција катастарски доход, како основица за определување данокот. Исто така, таа е основица и за. определување на зафаќањето за пензиско - инвалидско и здравствено осигурување кај земјоделците, што исто така ќе придонесе пренесено со ова последно зголемување да изнесува превисоко.

Во подмолност го одобрувам образложението што го искажаа подносителите на претходниот амандман што се усвои од Собранието, Основна е контрадикторноста на предлагачот во однос на тоа што значи зголемување во диспозитивот на одлуката и аргументите во образложение на одлуката каде што се вели дека заради тоа што порастот на земјоделските и шумските производи бил многу помал од порастот на материјални трошоци и услуги и порастот на другите фактори во земјоделството производство затоа 1991 и 1992 година не е извршена валоризација на катастарскиот доход, а сите сме сведоци дека истите причини важат и за оваа 1993 година, сметам дека антиципирајќи ја инфлацијата 1991 - 1992 година што не е извршена валоризација за овие години, за 1993 година наеднаш доаѓа превисоко зголемување што не треба никако ние овде да се направат.

Исто така, во делот на образложението на мојот амандман стои дека има одредени култури, како што се лозовите насади, што ги зафати

големо мрзнење, во некои делови и до 90%, заедно со другите огрнаничувачки фактори како што е затвореноста на пазарот, превисокиот износ на водарина и други трошоци во земјоделството производство, нерешениот платен промет итн., сите тие упатуваат на тоа предлагачот веќе еднаш да почне да размислува за надминување на оваа, инаку изживеана институција во одредувањето на основицата за даночни  зафаќања од земјоделие, односно да премине кон едно оданочување кое ќе значи, кое за основица ќе ги има реалните приходи остварени во земјоделието, каква можност предвидува и сегашниот закон, но истиот во пракса не се применува.

На крајот на краиштата, јас само ќе го поздравам настојувањето на претходниот амандман, нормално предлагам да се усвои и мојот амандман кој фактички значи помалку зафаќање по однос на даночното оптоварување на земјоделците од 20 до 25 пати, а не треба да повторувам дека на сите нас како партии, како пратеници ни беше една од основните определби во вршењето на нашата функција да се намали даночното оптоварување, пред се на граѓаните, а особено на земјоделците.

Дали уште некој бара збор? (Не бара)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за амандманот молам да крене рака. (21)

Бидејќи за амандманот гласаа 21 пратеник констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Панче Минов.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот за одлуката го ставам на гласање.

XV/6.-

Молам, кој е за, нека крене рака. (68)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за добивање на валоризациони коефициенти на катастарскиот приход.

Минуваме на **<u>точката 57</u>** - <u>Предлог на одлука за потврдување на финансискиот план на Народната банка на Република Македонија за 1993 година.</u>

Предлогот на одлуката, финансискиот план на Народната банка и извештаите на Комисијата за економска политика и развој,

Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по Текстот на Предлогот на одлуката.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Нема)

Дали има воздржани? (Нема).

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за потврдување на финансискиот план на Народната банка за 1993 година.

Бидејќи се договоривме да работиме до 16 часот ја заклучувам денешнава расправа со оваа точка, а дополнително ќе бидете известени кога ќе продолжи седницата.

(Седницата прекина со работа во 15,50 часот